СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 6666/61
14.11.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 35-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес 14.11.2023 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ, ПОЧИТУВАНИ МЕДИУМИ, ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ

Ја отварам 35-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат сите советници.

Со тоа констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

На денешната седница го имате Записникот од претходната 34-та седница на Советот на Општина Кавадарци. Таа е одржана на 14.10.23 година.

Дали има забелешки по Записникот на претходната седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на овој записник од претходната седница.

Констатирам дека е усвоен Записникот од претходната седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението заимате добиено Програма Предлог Дневен Ред за денешната седница на Советот на Општина Кавадарци.

Во консултација со претставниици менаџерот на Страшо Пинџур и Димката Ангелов Габерот ме замолија нивите точки да ги ставиме напред. Тоа се 47-ма и 48-ма точка.

47.Измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2024 година, донесен од Директорот на ООУ„Димката А Габерот„ Кавадарци; и

48.Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Страшо Пинџур "Кавадарци за учебната 2023/2024 ;

Понатаму дневниот ред оди по истиот редослед, по Програмата и по документите кои ги имате добиено. Тоа е

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

2. Поради поврзаност со наредната точка согласно 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување со точка Предлог-План за изменување и дополнување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година.

Согласно Деловникот Ве моламкој е за усвојување на оваа точка од предложениот Дневен ред. Ве молам за гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Констатирам дека денешниот дневен ред е дополнет со точка

Предлог-План за изменување и дополнување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година.

3. Предлог-План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2024 година;
4. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2024 година;
5. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2024 година;
6. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2024 година;
7. Предлог-Програма за одржување на фудбалски стадиони за 2024 во Општина Кавадарци;
8. Предлог-Програма за вршење на дејност- оџачарски услуги во Општина Кавадарциза 2024 година;
9. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички План за село Рожден, Општина Кавадарци, плански период (2019-2029);
10. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, за дел од Блок 6.7, „Старо Ангро„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето ;
12. Предлог-Одлука за за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП-80/2023;
14. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 13/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 32/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

16. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 29/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 169/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 80/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
19. Предлог-Решение за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци,Неготино, Свети Николе,Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;
20. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе,Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;
21. Предлог-Одлука за бришење на правен субјект (Јадро);
22. Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот на ликвидаторот(Јадро);
23. Предлог-Одлука за разрешување ликвидатор на Друштвото (Јадро);
24. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Душица Ташева за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
25. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Јасминка Бакуле за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
26. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Блажо Грков за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
27. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Илија Јанковски за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
28. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Васил Илов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;
29. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(здружение Мобилност);
30. Предлог-Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Гоце Делчев“ Кавадарци;
31. Деветмесечен извештај за работа на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

32. Деветмесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
33. Информација од ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци ;
34. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта и улици наподрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба), донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
35. Извештај за работењето на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за период од 01.01-30.09.2023 година,донесен од Управен Одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ
36. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци ;
37. Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;
38. Извештај за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.2023 -30.09.2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;
39. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;
40. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;
41. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;
42. Извештај за број на реализирани СМС пораки и финансиски ефекти од Хуманитарната и Еколошката паркинг зона за период од 01.05.-30.09.2023 година, донесен од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

43. Предлог-Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци;
44. Извештај за редовното работење за период од 01.01. до 30.09.2023 година на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;
45. Предлог-Тарифник за утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општина Кавадарци;

46..Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Училишниот Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

49.Програма за Нова Година 2024 година, доставена од Иновативa Груп ДОО Скопје;

50.Извештај за реализација на Програмата Традиционален фестивал „Тиквешки Гроздобер 2023", доставен од Иновативa Груп ДОО Скопје;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на денешниот дневен ред и тоа

51.Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП-92/2023

Согласно Деловникот моламза произнесување по предложената точка на денешниот дневен Констатирам дека ова точка е надополнета на денешниот дневен ред.

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот на Советот на Општина Кавадарци за работа предлагам дополнување на денешниот дневен ред на денешната седницаи тоа

52.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.62/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Согласно Деловникот на ваквиот денешниот дневен тоа ова точка е усвоена на денешниот дневен ред. Тоа е

Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.62/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на дневниот ред пред денешната седница и тоа

53. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со правосилно и извршно Решение Согласно Деловникот на ваквиот денешниот дневен Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на денешниот дневен ред пред денешната седница и тоа54.Предлог-Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбови и

одржување на урбана опремана територијата на Општина Кавадарци за 2024 година
Ве молам кој е за предложената точка да се внеси во дневен ред. Едногласно усвоена.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на дневиот ред на денешната седница и тоа 55-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за превоз на патници,,ГРАДСКИ ПРЕВОЗ Кавадарци;
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на денешниот дневен ред. Едногласно е дополнета.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа барам дополнување на денешната точка во дневиот ред. Тоа е56.Предлог-Одлука за субвенционирање на Општинскиотученичкидом „ КРСТЕП. МИСИРКОВ,,Кавадарци
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на дневниот ред. Едногласно усвоена.
57. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Кавадарци на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на денешниот дневен ред со нова точа Тоа е58 Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка на дневниот ред. Едногласно усвоена.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на дневниот ред.

59.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските патишта;
Ве молам кој е за произнесување на ваквиот дневен ред. Едногласно усвоена.
Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа предлагам дополнување на денешниот дневен ред со нова точа Тоа е60. Извештај од Одборот за подигање на спомен облежје три фонтани на кружен ток Сашко Гешовски.
Согласно Деловникот молам за произнесување по предложената точка од денешниот дневен ред.

Почитувани соеветници дали има и други предлози за измена и измени на вака досегашниот изменет дневен денешен ред.

Преминување на разгледување на точка 1 од предложениот Дневен ред.

ред за денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред. Нема. Со тоа Предлогот го ставам на гласање, односно целокупниот дневен ред го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. Со тоа преминуваме кон реализација на денешниот дневен ред од денешната 35-та седница на Советот на Општина Кавадарци.

47..Измена и дополнување на Годишен План за вработување за 2024 година, донесен од Директорот на ООУ„Димката А Габерот„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 1 воздржан. 17 за.

48.Програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од ООУ„Страшо Пинџур "Кавадарци за учебната 2023/2024 ;

Кој е за. Едногласно.

Му благодарам на претставниците од овие две основни општински училишта и благодарам на вниманието. Одиме со наредната точка од денешниот дневен ред. Тоа е прва точка.

1.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Веса Богева.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитувани присутни, Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи и на оваа седница како прва точка на дневен ред го имаме ребалансот на Буџетот на Општина Кавадарци, исто така и на последната, претходна седница вршевме ребаланс на Буџетот на Општина Кавадарци. Со претходниот ребаланс направивме зголемување на буџетот заради зголемените дотации на буџетот со средства од централната власт, а сега вршиме промена, со тоа што правиме намалување на буџетот, тоа беше најавено и претходно, затоа што со претходниот Квартален извештај видовме дека имаме намалена реализација во делот на неданочните приходи и заради тоа значи неминовно беше да се направи уште еден ребаланс на буџетот, каде што ќе имаме намалување и намалувањето на приходите не е само кај неданочните приходи, него имаме намалување и кај даночните и кај капиталните приходи, но таму износите се помали. Вкупното намалување на буџетот е 50 000 000

денари или тоа се околу 4% од вкупниот износ на Буџетот на Општина Кавадарци. Штом имаме намалување на приходите значи има намалување и во делот на расходите и секогаш кога правиме анализа на извештаите на Буџетот на Општина Кавадарци кажуваме дека намалување не можеме да направиме во делот на платите. Значи платите си останувaат како што беа планирани. Во делот на Стоки и услуги со овој ребаланс правиме намалување, но таму износот е помал во однос на тоа што го правиме намалување кај капиталните расходи. Значи поголем дел од овие 50 000 000 е во делот на намалување кај капиталните расходи и тоа е неминовно и секогаш укажувавме на тоа, значи укажувано е штом има неостварување на буџетот, прво што нешто ќе трпи во реализацијата се капиталните расходи и тоа се потврдува и со овој ребаланс. Значи имаме намалување кај капиталните расходи, во делот значи кај капиталните расходи поголемото намалување е во делот на градежните објекти. Кога станува збор за капиталните расходи значи мораме да потенцирам пак, значи добро е Општина Каваадарци има успешни проекти кои ги реализира со централната власт и тоа се потврдува, значи и вчера беше присутна тука Министерката за Животна средина и просторно планирање и по изјавите на нашиот Градоначалник и на нашата министерка видовме дека имаме успешни проекти кои веќе се реализират, а најавија и нови проекти кои ќе се реализираат во иднина, значи тоа е успешно и за Општината и за Владата што има успешни проекти кои се реализираат во конкретни објекти и проекти кои се во интерес на сите граѓани, а за нас како Општина се од посебно значење тие инвестиции што се токму во нашата Општина, па да се надеваме дека и во иднина ќе имаме успешни проекти со кои што ќе се зголемуваат инвестициите во Општина Кавадарци. Тие инвестиции ние конкретно во буџетот не можеме да ги видиме во делот на бројки како капитални инвестиции, затоа што и претходно имам спомнато многу пати овие инвестиции се плаќаат директно преку соодветните министерства каде што се градат, но како капитал, како објекти останувaат на Општина Кавадарци, останувaат во интерес и на Општина Кавадарци и со нив се задоволуваат потребите на нашите граѓани.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, почитувани медиуми, колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник. Денеска имаме ребаланс на буџет. Ребалансот на буџетот во суштина ја претставува сликата на работењето на Општината изминатава година, односно имаме кратење на одредени приходи, а соодветно на тоа и на одредени расходи заради слаба реализација досега. По овој ребаланс имаме на даночните приходи од 248 000 000 на 239 000 000 денара. Имаме намалување исто така и на неданочните приходи од 159 384 000, на 122 000 000 и прашање е дали и овие финансиски средства ќе успееме да ги реализираме до крајот на годината заради тоа што ниту еден денар не е реализиран, посебно во делот на добивките од други јавни претпријатија, кои што ги има формирано Општината. Исто така имаме намалување и во делот на капиталните инвестиции, на капиталните приходи, пардон од 74 000 000 на 68 000 000 се намалуваат капиталните приходи, единствено каде што е константна работата, тоа се трансферите и донациите од централната власт, коишто остануваат во непроменет износ. Пред неколку седници имавме тука една дебата каде што зборувавме за слаба реализација на приходи, постојано беше потенцирано дека не е точно, дека е спин, дека е лага од наша страна, на крајот од денот излегува се на виделина, односно Општината затоа и го прави овој ребаланс, Општината не може да ги реализира првично планираните средства на почеток на годината и прашање е колку и од овие средства ќе реализира и со колкав процент на реализација ќе ја завршиме годината. Што трпи во цело овоа. Кога имате намалени приходи, односно кога не можете да ги остварите приходите, прва работа на која што почнувате да кратите се капиталните расходи, капиталните расходи ви се намалени од 272 000 000 на 232 000 000, иако на почетокот на годината зборувавме и дебатиравме овде дека голем дел од предизборните ветувања не се вметнати и не се дел од Буџетот на Општина Кавадарци и дека ова се претежно реконструкции, асфалтирања на ситни работи, односно на одредени улици. На крајот на денот гледаме дека Општината и Градоначалникот не успееваат да го реализираат ниту овоа, така да во нареден период тешко дека ќе се реализираат и овие финансиски средства, кои што се планирани како капитални расходи, заради тоа што

имате одредени приходи кои што нема теоретска шанса да ги реализирате заради тоа што досега реализацијата ви е 0%.Состојбата во Општината не е сјајна и во однос на Општината и во однос на јавните претпријатија, заради тоа што сем зголемување на јавни давачки, долгови кои што ги генерира Општината, друго ништо не можете да кажете. Проектите кои што ви се наведени во изборната програма нит ви се дел од овој буџет, нит имате нешто реализирано од нив, меѓутоа оставам во нареден период, се надевам ќе се отворе одредена дебата, па да да продискутираме во однос на ребалансот на буџетот, мислам дека е овоа слаба реализација и јас би го гласал истиот против.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседател, почитувани колеги советници, служби, граѓани на Општина Кавадарци, почитувани присутни. Многу ми е жал што колегите советници од СДСМ го немат прочитано сеуште отчетот за работењето на Општина Кавадарци и Градоначалникот Митко Јанчев . Само да се навратам и самата колешка кажа дека намалувањето на ребалансот на буџетот изнесува 4% од вкупниот буџет што значи дека ако од претходниот буџет се земе во предвид, станува збор за реализација од 96% на овој буџет, значи станува збор за една бројка која што е импозантна за разлика од тоа кое што другите можат да го решат и да го прават, да не зборам за централната власт која што прави ребаланс на буџетот, кај што 30% од инвестициите не се реализирани, да не речам и 40. Што се однесува во делот на проекти, да почнам да читам ќе ми треба два саати, значи се поделени во неколку региони, се асфалтирани многу улици, се поплочени многу улици, детски игралишта, спортски сали направени, се подржани и се вршат капитални инвестиции и во руралните средини и во Дреново, Сопот, Марена, Возарци, Чемерско, Бохула се стават значи само за ваша информација отпочната е реализација на проекти кои што се однесува на колекторски системи и во руралните средини, што значи оваа Општина мисли и работи за сите граѓани на Општина Кавадарци и сметам дека ребаланс на буџетот не е ништо, односно само усогласување на она што треба да биде онака како што е направено. Што се однесува до реализацијата значи можам да кажам дека се реализирани сите оние проекти, кои што беа предложени од страна во програмата, а и многу

проекти кои што вие ги спомнавте не беа во програмата, меѓутоа се реализирани, што значи дека Општината во текот на работењето утврдува дали има некои проекти кои што се приоритетни, кои што треба да бидат решени, така да јас ќе гласам позитивно за овој ребаланс.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, колеги советници, медиуми, граѓани. Значи ребалансот на буџетот е нормална појава што сите буџетски корисници, од централно ниво од Влада, па до Општини и министерства го прават врз основа на ставките каде што во одреден дел имаме намалување на приходите, во одреден дел намалување на расходите и врз основа на овие турбулентни појави во економијата каде што не се предвидени точно има инфлација, на цени предвидливи трошоци е нормално да се прават ребаланси. Овој ребаланс изнесува 50 000 000 денари и во однос на вкупниот буџет од 1 285 930 000 денари станува незначителна ставка, односно 4%. Се што е под 5% е во нормална појава, согласно ребалансите, односно дефиницијата за ребаланси и неизмрдување од постоечките цели. Значи во делот на расходниот дел, каде што гледав капиталните расходи го задржуваат големиот дел, односно трошокот за капитални расходи. Во делот на изградба на Јавното Осветлување, каде што е нели битно за изградба по улици, исто го задржуваат износот од 16 751 000. Изградбата и Реконструкцијата на улици исто ја задржува таа развојна компонента 151 633 000 денари и планираниот износ на урбана опрема 3 965 000 денари, каде што нели е најпотребно за граѓаните одредени клупи, столчиња, осветлување, канделабри исто го задржуват тој износ и сметам дека ребалансот се однесува за одредени приходи кои што во одредени продажби или даночници не се реализирале и затоа гледаме скратување на одредени трошоци каде што се планирал износ за плати, каде што има намалување и одредени компоненти каде што сметаме дека нема доволно барање и потреби на граѓаните да се реализираат. Значи јас можам само да кажам и се гордеам со овој буџет оваа година и претходниот, каде што со сопствени средства Општината ги заврши најбитните капитални проекти, односно втората делница од Западен Булевар, Домовица, сега завршува 25-ти Мај, односно нели паралелниот Булевар со Шишка, Лазо Асијата, поврзување

Ќиро Крстев со делот на паркот, значи и сите, најолем дел од советниците од ВМРО ДПМНЕ бевме присутни моментално во сите урбани заедници и беа повикани месните заедници и јас бев присутен на најголем дел од тие средби, видовме дека граѓаните, односно и Претседателите на урбани и месни заедници се стварно задоволни од реализираното и најголем дел од нивните барања што биле во 2023 се конечно реализирани или тие што не се реализирани се почнати да се реализират и затоа и баравме и нови барања во 24-та да се вклопат во нивниот буџет. Јас сметам дека овој ребаланс е неминовен и не се скратуваат ниту еден дел од потребите, односно барањата што ги имат граѓаните за нив.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани сограѓани, почитуван Претседател на Совет, советници, администрација. Во делот на тековната точка која што е ребалансот, кој секоја година пред завршување на годината и после тендерирање на инвестициите капитални и инфраструктурни и сите други тендери нормално е да се направе едно пеглање на буџетот, затоа што знаете дека има многу осцилации, во делот на самите јавни набавки, во делот на намалувањето на негативната аукција, така да тука се претежно разликите. Јас би сакал да потенцирам и да кажам дека Општина Кавадарци вклучувајќи го и двегодишниот очет кој што го дадовме на 1-ви ноември, точно на половина од мандатот на Градоначалник и на овој Совет дека нашата програма над 90% е завршена. Можам да потенцирам и да кажам дека нема место во Општина Кавадарци, ама буквално нема место каде што не се исполнија ветувањата и не се исполнија потребите на граѓаните, она што беше планирано за 23-та или се отпочнати во реализација. Значи од село Фариш асфалтирање, канализација до село Раец, Ќесендре уредување на патот, село Дреново нова градинка, која што ќе биде пуштена до 15-ти декември, патниот правец кој се заврши комплетно, уредување на игралиштето во Дреново фудбалското, подигање на ново игралиште, средување на две улици со атмосферска канализација и сега во овој буџет, што ќе го гласаме на наредниот Совет 32 000 000 денара комплетно изградба на нова спортска сала и потребите на самото село за МЗ. Село Возарци во моментот личи на градилиште, 24 000 000 денара комплетно нова атмосферска

канализација која што до вчера ја немаа, промена на поголем дел од канализационата мрежа и комплетно асфалтирање на сите улици после завршувањето на проектот во делот на с. Возарци, кое што беше барано 10 години уназад, изградбата на спортската сала која што е отпочната исто 22 000 000 денари и тука се негде 50 000 000 денари за с. Возарци и плус партерни уредувања на повеќе улици, правење на катче на најмладите така да с. Возарци веќе не наликува на село, него ќе наликува на едно урбано село.Во Шивец се работеше на повеќе улици, на пробивање на неколку патни локации во самото село. Во село Брушани првпат од постоењето на Брушани и населбата 500 нови приклучоци за вода, еден голем залак и за Општина Кавадарци и за ЈП Комуналец и тој проект не застана тука,со сопствени средства продолживме уште еден крак, накај Лулето кафаната, со уште 140 нови приклучоци за вода, уредување на партерни улици и улично осветлување. Наредната година за Брушани и Брушанско ќе ги ставиме за асфалтирање сите улици кои што сега се раскопаа, се направи таа подземна инфраструктура и ќе бидат во делот на асфалтирањето, по средбата со месните и со урбаните заедници. Во село Бегниште ќе продолжиме од наредната недела со изградба на 300 метри нов колектор за фекалии, во село Ресава исто имаме канализација за правење и покрај тоа партерно уредување во сите села, Дабниште како село за наредната година го ставаме во програма, за првпат ќе добие канализациона мрежа, доби водоводна мрежа, не заборавајте до пред 2 години немаше водоводна мрежа Дабниште, сега има водоводна мрежа, со 140 приклучоци и ќе има и канализациона мрежа и имаме проект изготвен за реконструкција и проширување на патот од Ресава до Дабниште. Во горните села ридско-планинските Бохула имаше асфалтирање над 1 км, доградба на канализациона мрежа, село Чемерско исто имаше санација на патот и во наредната година во буџет ни е ставен 7 000 000 денари 1 км пристапниот пат до село Чемерско да биде комплетно реконструиран. Долна Бошава доби фекален колектор и канализација, заедно со Горна Бошава добија партерно уредување со бехатон коцки на улици. Исто се случи и во село Крњево и во село Страгово. Село Конопиште за првпат, како никогаш досега доби 1000 м2 коцки, досега нема

добиено ни 100 м2, во последните 20 години и за наредната година пак ставивме уште 1000 м2 и тие села веќе ги оплеменуваме и личат на урбани села. Мајдан, едно село над 50 км од Кавадарци, добива 1000 м2, кои што во моментот се работат и добива и за догодина исто во новиот буџет за да се доопремени. Исто во сите овие села, паралелно се работат урбанистички планови, паралелно јавниот превоз функционира и паралелно сите училишта што ги имаме во овие села што ги спомнав, покрај спортските сали што ги градиме и училишта добија еколошко греење, добија парно греење и комплетно нови реконструирани училишта. Село Сопот, се почна спортска сала да се работе, ќе се отпочне адаптација на детска градинка. По завршувањето на комплетната инфраструктура подземна, целокупната водоводна инсталација со 400 нови приклучоци, атмосферска канализација и уредувањето на соблекувални, уредувањето на повеќе ситуации во село Сопот и повеќе асфалтирања, се пристапи сега кон спортската сала, кон адаптација на градинка и догодина село Сопот ќе добие комплетно асфалтирање на сите улици, кои што се во полоша ситуација. Марена како село доби улици, партерно уредување преку КФВ Банка од 15 000 000денари комплетна атмосферска и канализациона мрежа во делот на индустриската зона и во делот на домувањето, се отпочна спортска сала да се работи во Марена, која што ќе биде завршена нормално според договорот и динамиката за 9 месеци и село Марена за наредната година покрај тоа што не е ветено во ниедна, ни изборна, ни предизборна програма ќе добие комплетно уредување односно 800м. на речното корито на Овчка Река и комплетна адаптација на коритото за шеталиште осветлено за да можат да функционират и тие луѓе таму малку поурбано. Да се вратиме на градската средина, која што по урбани заедници и по месни заедници, реализацијата е над 95%. Ќе ги спомнам поголемите проекти, а тоа е Западен Булевар, тоа е Лазо Асијата, тоа е 25-ти Мај со Младост. Тоа се 3 улици со 65 000 000 денари вредност, лична инвестиција на Општина Кавадарци, комплетна со атмосферска, канализациона и улично осветлување, атмосферска канализација и асфалтирање со тротоари. Ќе се вратиме во Општина Кавадарци. Од поголемите реализирани проекти, не заборавајте дека поставивме 200 kw фотоволтаици на сите, на скоро

поголем дел јавни институции, кој што е голем ефект и благодет за самите институции, се направија над 40 фасади во градската и приградската средина, се реконструираа многу улици како Димката Ангелов Габерот, Слога, Видео Смилевски, Киро Спанцов, Западен Булевар, над Гала и се осветлија сите улици кои што немаа улично осветлување. Улица Домовица, не ја заборавајте. Тоа беше една улица слепа, каде што не можеше цела населба ниту да влезе, ниту да излезе. 30 години беше таква како што беше, тоа е до самиот Расадник или над Индустриското училиште, сега е булевар кој што е со 15 000 000 денари инвестиција, а верувајте една таква инвестиција во минато време, во претходни мандати на други градоначалници или Совет беше клучната изведба од цел мандат, а ние сега го ставаме тоа како само еден проект кој што е завршен, стационарот се гради, кој што за месец дена ќе биде завршен како стационар, 6-те апартмани се во комплетно завршна фаза за загрозени лица, при елементарни непогоди или други ситуации, се пушти во употреба и салата во Ваташа и салата во Страшо Пинџур, сите училишта се реконструираа комплетно, оброкот за дете од прво до петто одделение, кое што воопшто не е мала работа и 20 000 000 денари годишно функционира беспрекорно, направивме над 24 катчиња за рекреација, 24, скоро во секоја Урбана и Месна Заедница, по сите стандарди, со гумена пологa, со модерни реквизити, оградени, безбедни, направивме пам трам патека, која што е за рекреација на велосипедисти, инвестиција со 3 000 000 денари, што воопшто не е малку. Во самиот парк се направија реквизити, како никогаш досега за рекреација, адреналински парк кој што го имаме, парк за миленици и уште многу други работи. Само сакам да спомнам покрај сите овие инвестиции Општина Кавадарци која што ги работе, ни во еден сектор, ни во едно одделение нема потфрлање, односно сите одделенија и сектори си функционираат на соодветен начин, а што значи тоа. Тоа значи дека и убанизмот си функционира и градежното земјиште и финансии и сите други проекти од ЛЕР и проекти кои што тековно излегуваат по повици, по здруженија, по амбасади и сите. Не го спомнавме кејот, проект од милион евра, од Видео Смилевски до самата болница, порано правевме по 100 м. кеј 5 години по ред, сега правиме 1 км., одеднаш 1 000 000 евра и викаме капитална инвестичичка,

така нешто малечко, ситно, добро. Кој колку пари има и како ги гледа работите. Во самото уредување на кејот, не заборавајте, без ветено, без ништо, по иселувањето на Тенеќе Маало 17 000м2 ќе направиме нов парк и ќе го ставиме и работиме на расчистување, 17 000 м2, со содржини, со реквизити, со тениско игралиште, со ракометно игралиште, со игралиште за мал фудбал и сите други помошни реквизити и стази кои што треба да произлезат од таа населба таму за да личи на една урбана и добра населба. Не заборавајте попатно испаднаа уште 2 кружни текови, се направија многу тротоари. Еве сега се работе Гоце Делчев, еден од поголемите тротоари, имаме назад за работа доста во делот на тротоарите, улици за асфалтирање имаме доста, ЈП Комуналец што ги зема обврските за реконструкции, останува уште Глишиќ, Западен Булевар крак и Страшо Пинџур се работи населбата од 20 000 000 денара, после правењето на населбата Страшо Пинџур, првпат се воведува атмосферска канализација, водоводна мрежа и комплетно асфалтирање. Тоа се сериозни, крупни проекти. Ако не ги спомниме ќе згрешиме, а тоа беше грантот од 2,5 000 000 евра, односно нето 2,2 000 000 евра и сите оние улици во оваа година и пол каде подземната инсталација комплетно се смени и атмосферска и канализациона и фекална и ставањето на електро инсталацијата и на телекомуникациската инсталација подземно до хидранска мрежа со нови тротоари, со нови дрвореди, со комплетно ново асфалтирање, да не ги именувам ги знаете добро, од домаќинското работење на Комуналец и на Жикол компанијата која што е ја пофалам со 130 000 евра што останаа вишок од средства не се случило тоа во свет да останат вишок средства, еве кај нас се слушува, набавивме нов скип ровокопач, набавивме мини багер и набавивме мулчер кој што еве и во моментот работе, ги мулча патиштата, односно травата до патиштата и гранките кои што треба да ги кастре и притоа покрај ваквите инвестиции, кои што се енормно високи, а затоа ќе си направите аналза и ќе видете што значи следниве 5 години, во последните 10, во последниве 15, енормна линија на растење на буџетот и реализација. Лани имавме 103 % реализација, ви гарантирам декаваа година ќе го исполниме буџетот 100 %. После овој ребаланс минимален од 4%. Општина Кавадарци не ги заборави ни семејните винарии. Општина Кавадарци не го заборави ниту

невладиниот сектор.Општина Кавадарци не ги заборави ниту спортските клубови, кои што ги подржуваме максимално финансиски и технички и Општина Кавадарци нема мана во јавниот превоз, кој што е ново претпријатие и функционира. Општина Кавадарци нема мана во ЈП и покрај тоа што ти преве делумна загуба од одредени оделенија и Општина Кавадарци не се откажа од ништо. Многу лесно е да се откажеме од нешто непрофитабилно, да се вклучиме само на профитабилноста. Спомнавте дека вчера беше министерката, почитуваната Каја во делот на МЖСПП, да беше, отпочнат е проектот за колекторот до 12-те Младинци, од 8 000 000 денари, 4 000 000 од Министерството, 4 000 000 од Општина Кавадарци, што е еден благодет за Општина Кавадарци и тој проект ќе продолже до Моклиште, ќе продолже и до Катуниште и целокупниот влив на Луда Мара ќе биде заштитен од фекалии или било какви други нарушувања за загадување. Кога зборнавме со министерката и кога и кажавме дека во Општина Кавадарци не постое село и населено место каде што не го исфрламе губрево комунално, кое што ни е обврска, она беше фрапирана од тоа, затоа што ниедна општина надвор од Скопје, не си ги исполнува во целост сите обврски да го исфрла ѓубрето редовно од секое село. Секаде има диви депонии, па после ги чистат дивите депонии и така натаки. Од најдалечното село до најблиското село, го исфрламе комуналниот отпад и го носиме на нашето соодветно место, на депонија, не е мала работа тоа, направете математика, ќе видете дека воопшто не е мала работа и ќе видете колку минус праве тука ЈП, ама сме се определиле да бидеме еднакви за секаден и во секое место Општина Кавадарци да личи на урбана општина и така и ќе биде. Во делот на спортот веќе кога го спомнавме, покрај изградбата на повеќе објекти Општина Кавадарци има план за догодина, ќе го видете предлогот, верувам ќе се вклучите сите советници, без разлика кој од која партија доаѓа или независни во изградбата и тој буџет и во изградбата на понатамошните проекти и објекти. Ако нешто доцниме, доцниме во изградбата на затворениот базен, доцниме во изградбата на Домот за престој на деца, односно на лица со попреченост и јас верувам дека тоа ваа недела или наредната, треба веќе да се отпочне интензивно да се

работе, работиме на Старечкиот Дом, каде што ќе аплицираме догодина да го изградиме локациски, урбанистички комплетно, проектирано, средено и треба да се изграде за година дена, доколку биде буџетирано и се е во ред и тоа е благодетот што може Кавадарци да го поседува и да го има во делот на една општина. Општина Кавадарци е со отворена врата за граѓаните и за сите добронамерници и не закажуваме како другите општини прием на станки од 13 до 14, него од 8 до 16. Секој да си се усогласе според неговото време и да може да дојде во Општината, во било кој сектор. Како секоја година, така и ваа година ги посетивме сите урбани заедници, со дел од советниците, со Претседателот на Советот, со сите чинители од Општина Кавадарци како раководители на сектори, кои што се директно инволвирани со сограѓаните, со јавните претпријатија и можеше да ги слушниме граѓаните, можеше да ги слушниме нашите недоследности ако ги имаме, а верувам дека има и негде пропусти и можевме да ги слушниме и нивните барања кои што треба да ги спроведиме во иднина, сето тоа е евидентирано и документирано преку урбаните заедници, како нивно барање. Месните заедници од приградските села ги посетивме лично, меѓутоа во интерес на времето оние подалечните ги викнавме тука, сите се одзваа на нашата покана дојдоа и ги завршивме и нивните барања. Сите барања се ставени во писмена евиденција, сите архивирани и врз основа на барањето на граѓаните и на урбаните заедници ние ќе го креираме наредниот буџет по месни и по урбани заедници. Стратешкиот план и развојот на Општина Кавадарци во делот на стратегијата е зацртан и нема отстапување. Тоа е заобиколница, тоа е патот Горни, Долни Дисан, тоа е граничниот премин, кој што пак ќе го ставиме во развојни програми и ќе си го бараме да го реализираме во понатамошни цели со Владата, со министерствата, со Агенцијата за патишта, со Министерствата за транспорт и врски и тоа итекако нема да отстапиме од тоа, затоашто мислиме дека како Кавадарци тоа ни следува. Со презимањето на интернатот или на Домот за сместување на ученици, кој што беше во една мизерна ситуација, неколку пати го посетив, во моментов одвоив средства, на претходниот Совет за исплата на плати, програмата

нивна за исплата веќе е донесена од Министерството за финансии, две плати му се исплатени односно три, струјата е комплетно платена и ваа недела ќе бидат комплетно исчистени тие вработени, храна има редовно, затоплување има во самиот Дом, како никогаш досега и за наредната година ќе ставиме 3,5 000 000 или 4 000 000 денари за реконструкција на Домот, за уште едниот кат да го ставиме во функција, а моја лична обврска ќе биде и на сите вас тука како советници и вработени да стекниме поголем авторитет и рејтинг во делот на Домот, да догодина имаме 120, 150, 140 дечиња, не 60, а тоа ќе ни биде предуслов за нашите средни стручни училишта да можат да продолжат со настава како што треба и да градат кадри во делот на оние насоки кои што ги нема на друго место, а ги има во Општина Кавадарци. Јас ги уверувам сите граѓани дека не бегаме од одговорност, дека нема да се фалиме со проекти кои што не сме ги имале во програмата, а сега ги доставивме, па ги работиме, тоа е се во интерес на граѓаните. За наредната година ќе имаме многу добри проекти, повеќе капитални, поголеми, нема да ве оптеретувам сега да зборувам за тоа, тоа ќе го оставам да го зборуваме на буџетот кога ќе се носе и сакам да сите наши сограѓани во ова општество и во Општина Кавадарци, без разлика на нивната верска, без разлика на нивната политичка припадност, да се осетат и се осеќаат исти и еднакви пред сите. Тоа е мојата определба, мојата заложба, тоа е заложбата на нашите советници, верувам дека и вашата заложба од другата страна, како опозиција е иста, да сите граѓани ги имат, да ги почувствуваат правата и правдината и условите од Општината. Тоа ни е целта и ќе работиме само во тој правец.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Повели реплика Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во делот на ребалансот не можам да сфатам како да фалите ребаланс на буџет каде што намалувате приходи и намалувате капитални расходи за да кажувате дека тоа е успешно и добро работење, функционирање на Општината. Не само што имате намалување на приходите, посебно кај неданочните приходи, па и кај даночните приходи, проблемот е во тоа што крајот на ова календарска буџетска година нема извесност

дека посебно кај неданочните приходи ќе направите реализација, бидејќи реализацијата досега изнесува 0% и на крајот ќе се соочиме со намалена, односно ниска реализација на буџетот, посебно од оној кој што беше првично планиран минатата година. Во однос на отчетот, го гледав отчетот кој што сте го дале и таму можам да видам дека клучните капитални проекти се проекти кои што се финансирани, односно реализирани од страна на централната власт, а кои што вие само сте си ги препишале и почнувајќи од детска градинка Сонце, нова спортска сала во основно училиште Страшо Пинџур, проект за поврзување на локални патишта, каде што се реконструирани улица Илинденска, улица Дисанска, Браќа Џунови, Пионерска, Западен Булевар, Вељко Влаховиќ, Максим Горки, Димката Ангелов Габерот, па тука е и секако проектот преку ТАФ Програмата за водоснабдувањето на Брушани, така во најголем дел клучните капитални инвестиции кои што ги има направено Општината во изминативе две години се инвестиции на централната власт, а не на Општината, а ние овде дискутираме за буџетот на Општина Кавадарци, од кои што не можеме да издвоиме и да кажете еден крупен капитален проект кој што сте го реализирале во минатата година. Во однос на реализацијата ви спомнав, не можете да фалите буџет, односно ребаланс на буџет, каде што имате кратење, односно намалување на пооделни приходи и кратење по оделни расходи, претежно на капиталните расходи, кое што треба да биде некаковси развоен момент, односно развојна компонента на буџетот, настрана овие инвестиции, кои што ги инвестира централната власт, треба и вие нешто како Општина да направите, така да сметам дека е слаба реализацијата. Ако ги видете најголем дел, односно тоа го зборувавме пред неколку седници дека финансиските средства кои што се трошат за плати и за привремени вработувања изнесуваат негде околу 110, 120 000 000 денари и тие финансиски средства во суштина држат еден голем дел од финансиските средства кои што треба да ги инвестирате во капитални инвестиции. Единствено нешто кое што може да се пофалите во овој да кажам период и во овој очет, еве ги клучните капитални инвестиции, постојано зборуваме за овоа. Кога ќе видите и кога ќе ги разгледате сите, најголем дел,

односно најкрупните капитални инвестиции не ви се реализирани и тие што ви се реализирани ви се половично реализирани. Пред една седница имавме дискусија, односно дебата во однос на оброкот, направивте некојси спин. Еве ја изборната програма, може да виде и камерата, еве ја изборната програма. 50 000 000 денара здрав оброк за секое дете, подготвено од нутриционист. 50 000 000 денара. Значи овоа е од вашата изборна програма, јас не го измислувам. 50 000 000 денара за здрав оброк. На крајот децата добија баничка, односно добија нешто друго во однос на она што им беше ветувано. Исто ако ги погледните капиталните инвестиции и тука имате исто нешто започнато, нешто делимично реализирано, но во најголем дел проекти кои што ги немате воопшто почнато да ги реализирате и единствената работа која што ја правите изминатите 2 години, тоа се зголемените и локални јавни давачки во делот на комунални услуги, во делот на вода, ѓубрарнина, јавна чистота, јавно зеленило, во делот на детската градинка имате зголемување на партиципацијата за детска градинка, имаме најголем опфат на јавен паркинг во градот, еден од најскапите превози во градот, така да тоа се отприлика аргументите кои што можете да ги ставите да бидат дел од отчетот за овие 2 години.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми. Ребаланс на буџет е редовна пракса, скоро секоја година и на централно и на локално ниво, затоа да се прогледа до каде е реализираноста на буџетот, затоа пренамена на одредени средства за комунална изградба, пренамена на одредени средства донации и на тоа многу не би полемизирал. Јас би се осврнал накратко на тоа што бев сведок во претходните десетина дена кога како и секој отчет на власт која е избрана од народот, а нема подарена и поклонета власт како централната власт, моментално што е на сегашниот премиер, бидејќи не се соочи со народот туку е подарена од бившиот премиер г-динот Заев ние успеавме заедно со некои од вас советниците, жално што е еве неколку години тешко можеме да се надминиме, кога интересот на Кавадарци е прв, мислам дека не треба да има партиска боја, отсекогаш моите излагања беа дека за доброто на Кавадарци, без функционирање на

локална и централна власт Кавадарци не може да се развива, било тоа да е иста, било тоа да било од различна страна и можеме тука низ минатато да видиме еден куп на слабости, еден куп на позитивни работи. Ја поздравувам вчерашната посета на Министерката за животна средина г-ѓата Каја за еден прекрасен проект кој итекако го засегнува нашето Кавадарци, пред се за тешението на реката Луда Мара во две фази за тој фекален колектор. Друга позитивна што би ја оценил од таа средба со граѓани е да се видат слабостите на нашето функционирање затоа лани што му беше обеќано, а оваа година што е направено. Значи испаднавме и разговаравме за сите проблеми кои го тиштат, каде направивме грешка, а каде направивме позитивност да се соочиме со нашите жители. Би му замерил на Кабинетот на Градоначалникот затоа што отчет треба да добијат сите советници во Советот на Општина Кавадарци, една е разликата дали ние имаме различно политичко гледиште, меѓутоа тука бидејќи сите одлуки ги носиме со гласање би било потребно секој советник да го има отчетот и би го замолил во текот на нашата седница од Кабинетот да го достават отчетот до секој советник на Општина Кавадарци. Тоа што ме радува на тие средби со граѓани е тоа што на тие средби најмалце имаше барања за вработување на нашите жители во Општина Кавадарци, што сметам дека е една позитивна работа, бидејќи нашите Кавадарчани увидоа дека вработувањата во јавните институциии во јавните добра, можеби не носат таков финансиски бенефит за задоволство на нашиот обичен граѓанин, што сметам дека е едно зреење на нашето општество, односно повеќе нивните барања беа во изградба на нивната локална средина, затоа што треба да се направи и подеднакво сметам дека ги застапивме и ги опфативме и селските средини, каде што реално, иако бројот на жители таму е прилично мал, меѓутоа се судривме со голем број на наши Кавадарчани кои имаат викендици, за тоа во идно време да се опфатат тие детални урбанистички планови каде врз основа на тоа во нашата општина преку централната власт повторно ќе кажам, ќе може да се собираат пари за нашите рурални средини, кои итекако се потребни за нашиот развој, пред се во туризмот и одма добри 80% од тие населени места, рурални средини се со

наши викендаши од Општина Кавадарци. Јас сметам дека сигурно можеме и подобро, сигурно можело и повеќе, меѓутоа едно мое гледиште е дека овој ребаланс ќе го гледам за, заради тоа што на ребаланс не гледам за тоа дека кога се прави буџетот, секогаш си правиш одредена рамка, дали одредени програми или одредени потпрограми немаат одредена реализација, јас сметам дека со Општина Кавадарци до крајот на оваа тековна буџетска година ќе ја достигне таа реализација од едни добри 80 до мислам до 90, до 100% , така да граѓаните го кажаа своето, да сме живи и здрави догодина имаме изборна година каде што ќе се соочиме со нив и се надевам дека ова соочување со граѓаните и нивните барања во текот на ова година, на наредниот Совет ќе бидат инкорпорирани во буџетот и се ќе биде во нивни интерес, а се надевам и во текот на наредната година ќе имаме успешност во однос на реализација на буџетот. Кога зборуваме за тие капитални проекти, гледаме и советникот Вуко Мелов и Градоначалникот ги спомнаа дека се добробит, точно, се слагам и со двајцата, меѓутоа да не заборавиме дека тие капитални големи проекти не се ниту од Јанчев, ниту од Мелов, туку тоа е можеби заложба било и на претходните градоначалници, претходните совети, меѓутоа почитувани советници без заедништво со централната и локалната власт, ние тешко ќе можиме да ги направиме тие капитални проекти заради тоа што тие се многу пари, а Каваадрци со оглед на тоа дека во нашиот БДП на државно ниво има второ високо место, сметам дека го заслужува сето тоа, така да сите донации од централната власт јас ги поздравувам и така треба да биде. Наше е да ги правиме проектите, а нивно е заедно со нас да се направи и самата реализација. Ги охрабрувам и се надевам дека ќе почне и тендерирањето и на затворениот базен преку Агенцијата на млади и спорт и тоа итекако е потребно и се во интерес на жителите на Општина Кавадарци. Се надевам дека во идно време нема да водиме политика за тоа кој ги дава парите. Дај боже само да има реализација, сите ќе бидат среќни, а различните политички гледишта се надевам дека треба да останат само тука, граѓаните, да судат и да гласаат.

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Ајде Вуке.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Никој не зборува за тоа кој дава финансиски средства, односно кој, што работе во Кавадарци. Што работе централна власт, што работе локална власт. Јас мислам дека за тоа дискутираме. Парите се и што ги собира Општината и кои што ги собира централниот буџет се пари на граѓаните и дека тоа е важно да видиме кој, каде и колку инвестира, ги враќа назад кај граѓаните. Тоа е една работа и втора работа во однос на поклонета власт, значи се знае која е процедурата Претседателе за избор на Премиер на Влада, така да нема ништо поклонето, а и изборите се за брзо, ќе се преброиме и како што викаш ти ќе се соочиме граѓаните, а ситуацијата не ви е баш сјајна.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Па добро па сега јас не ја оплеменувам седницата, нашите анкети друго кажуваат, не навлегувам натаму. Колку за ваша информација во основниот буџет за тековната година се 4 спортски сали, значи тие се од основен општински буџет, може да ги спомнам Возарци, Сопот, Дреново, Лазо Асијата, Западен Булевар втора фаза, заложба од изградени булевари, од преходни градоначалници, од претходни Совети, сега реализирани од основен буџет. Јас не викам дека не го експонирам тоа дека ние го направивме воа, а државата го направи другото. Имав дискусија во која сметам дека се што е направено е направено од народот и за народот, дека можело повеќе, сигурно можело, меѓутоа кога се разговара и кога граѓаните парите кои ги земаат од централната и од локалната власт мислам дека многу не ги интересира, нив ги интересира пристоен живот и да ги задоволиме нивните потреби во однос на нивните места на живеалиште. Мојата дискусија беше во тој правец.
Ве молам точката на гласање.Кој е за. 11 за. 7 против.
2.Предлог-План за изменување и дополнување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2023 година.
Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Повели Николов.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани што се однесува до развојните програми што се во делот на оваа седница, разгледувајќи ги овие развојни програми ми падна во очи Развојната Програма на Домот на културата Иван Мазов Климе и би сакал ако може да се надополни оваа програма на оваа институција со адаптација, реконструкција и опремување на 3Д сала, затоа што сметам дека Кавадарци

и Кавадарчани заслужуваат да имаат еден ваков маргинален објект каде што ќе можат културно да се воздигнуваат, да гледаат филмови кои што се по најнова Методологија во кинологијата и би сакал уште еднаш оваа програма да биде надополнета со проект за адаптација и реконструкција и набавка на опрема за 3Д кино сала.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник бидејќи ова се програми како точка за сите, можеби би беше подобро да го направиме со Амандман. Измена на План за развој на тоа мисле. Ама тоа треба да ја задолжиме со Амандман. Со Заклучок да ја задолжиме директорката да предложе. Почитувани советници друго тема на разговор. Нема. Значи точката ја ставам на гласање, заедно со Заклучокот на нашиот советник за Предлог План за 3Д кино да се вметне во Програмата на Домот на Културата Иван Мазов Климе. Воа е само дополнување за 3Д кино. Кој е за. Едногласно усвоена.

3. Предлог-План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2024 година;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

4. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2024 година;

Отварам претрес по оваа точка. Повели Горан.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници. Значи согласно Закон за Локална самоуправа и согласно Законот за зеленило Градоначалникот доставува нели до советниците Програма за идната година за 2024 година. Можам да кажам пофалба, бидејќи оваа програма е зголемена, односно од 11 000 000 е зголемена за 14 500 000. Сакав да земам дискусија во овој дел, бидејќи Општина Кавадарци и заедно како извршител на програмата што ЈП Комуналец Кавадарци сметам дека ниедна Општина не се грижи така за зеленилото како ние. Значи пред 6 години, кога ги гледавме површините, зелените површини, значи Општина Кавадарци располагаше некаде околу 60 000 м2 зелени површини. Денеска Општина Кавадарци располага со 111 950 м2 зелени површини. 600 м2 цветни површини и 13 000 м2 патеки, односно со дрвореди или вкупно 125 591 м2 зелени површини. Тоа значи за неполни 6 години, значи Општина Кавадарци над 100% ги зголемила зелените површини и не само што се зголемени зелените површини, туку се изврши и реконструкција на

претходните зелени површини и тоа зелени површини со патеки, со дрвореди, со водоснабдителен систем, знаеме дека Градскиот парк Љупчо Шкартов, кој претставуваше за најубав парк во Кавадарци му го вративме сјајот, односно се реконструира . Знаеме дека се изградени нови паркови, односно паркот Ќиро Крстев беше само на име парк, а додека сега се изврши комплетна реконструкција, односно нов парк. Имаме нови паркови, површини, односно Камен Паркот дрворедите, спроти спортската сала Бел Камен 2, значи над Градба Промет нов парк, Кочо Рацин, каде што позади Булеварот Кочо Рацин имаше лимени гаражи. Значи таму се изврши комплетна реконструкција, односно исфрлање на тие гаражи и засадување на дрвца и нови зелени површини . Значи и тука би дал пофалба, значи видовме дека сега најопасното, односно каде што има најголем проблем кај граѓаните Тенеќе Маало сега ќе прерасне во еден голем и во еден најголем парк во Кавадарци. Таму површината, заедно со Шумарското училиште 17 000 м2 ќе биде голем зелен парк, каде што инвестицијата на Општината е биде 9 000 000 денари, каде што има нови фудбалски терени таму , тениски терени, кошаркарски терени и ќе прерасе во едно катче, каде заедно со новиот кеј, кој што ќе се инвестираше, ќе почне да се гради, почнат е сега, односно ќе се реализира 2024 година, од Видео Смилевски Бато па се до Новата Болница. Тоа ќе биде катче поврзано со кеј, пешачка патека, парк и ќе прерасне во место каде што ние како граѓани се гордееме и инвестицијата за кејот е 1 000 000 евра, односно 60 000 000 денари. Тука сакам да кажам дека овој дел од 17 000 м2 само како ново зеленило, на постоечките 125 000 м2 е зголемување на зеленило за 21% . Значи најбитниот момент на граѓаните за дишење чист воздух, за убав изглед, за зеленило, значи Општината, заедно со нели поновите што ги реализира преку ЈП за одржување на тие, се грижи и сме на највисоко ниво во државата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги и останати присутни. На ова тема многу пати сме разговарале за зголемување на зеленилото, а друго притискаат граѓаните и друго ме засега. Зеленилото како површина во овие 4, 5 години е уредено, не е зголемено, кај што имало жбунови и жбуновите давале кислород, сега овој систем бара уредување и тоа е за пофалба, а зеленилото го зголемува и ги зголемуваме парите за зеленилото, руралниот дел горе Општина Конопиште и горните села Радња нема водовод, вода нема за

пиење и нема пат, Мрежичко нема пат низ селото, нема вода за пиење, исто Рожден, да не ги редам сите села. Конопиште и Бојанчиште имаат вода од Лукар, дека од тие села, ниту едно село нема зеленило барем 100 квадрати. Што е сега работата. И тие луѓе дават, плаќаат данок, им овозможивме превоз, тоа е благодет, другите работи се многу назад. Сега ние разговараме дека во градот зголемуваме пари и за зеленило, тоа е добро, треба и овде нешто, овде немаме ништо. Инцијатива од горните села, луѓето бараат, јас и во секој мандат и секоја промена на директор, сега кога ќе ја видат точката од Комуналец, ќе разговараме зошто Комуналец нејќе да ги зема селата, водоводите да гиземе, што е обврска на Комуналец, да обезбеди вода за пиење за сите села. Мрежичко и Конопиште имаат привилегија, имааме фабрика за вода и ни даваат таму, се населеление малку и си имаме вода за пиење без да плаќаме. Другите села немаат вода. Тука да ставиме акцент како колеги, како советници, убаво во градот каде што е новата населба, кај што се зградите, кај што е фелата да правиме паркови, зеленило. Тие згради треба да се продаваат, има полно станови и мора да го уредуваме просторот, да ги продадеме, инаку ќе им останат на инвеститорите и тие ќе треба да плаќаат данок на имот за нив, а ќе му биде терет. Некој што има 100 стана, само данок на имот да плаќа, а да не ги продаде. Тоа е некоја политика да речиме поградска, се делат луѓето на богати луѓе. На богатите ќе му уредиме се, а плаќањето богатите го избегуваат, пак го плаќаат овие горе по селата. Неколку пати сум зборел, после и на точката на Комуналец тоа ќе го продискутираме. Комуналец наплаќа во Мрежичко услуга на изнесување на смет, а не изнесува. Немаме вода од Лукар, површини мериме на двориштата, а имаме две куќи во селото што живеат и уште 50 куќи раселени што нема никој, а идат белешки , 50 белешки идат, на сите луѓе идат, треба да го бараме дали е Кавадарци, дали е Скопје човекот да плаќа двор, ради тоа што има растурени некои камења и имате имотен лист куќа, нема куќа, него се растурени камења. Тука малку да продискутираме, да се договориме, да ако дадиме, зеленилото е потребно, него да го видиме колку сме назад и кај треба да дадиме акцент. Приоритет е вода за пиење. Ако Радња има блиска вода и со 1км вода се прави вода за пиење, таа обврска да му ја дадиме на Комуналец, да ја среде. Сето ќе ти биде јасно после 5 години, кога ќе бидиш публика во град или после 2. Колеги кога беше поскапувањето на белешките за

Комуналец, јас дискутирав вие се смеевте, кога ви дојде белешка подебела, многу е. Зошто ви е многу. Не ви е многу. Малку ви е, пак уште едно покачување до Нова Година и пак ќе викате тука ОК, добро е и после на улицата многу е. Значи има многу луѓе горе, што треба да ги субвенционираме, во секој поглед ние ги оставаме без вода за пиење. На таа проблематика сакам да дискутираме, како колеги , не сега како политички опоненти, ние застапуваме граѓани и од една и од друга страна и трета страна. Третата страна е секогаш во право, најбројна е и најреална. Ај тука да насочиме некои пари, да скратиме од зеленило малку, да го ангажираме Комуналец оваа година да направе водовод во Радња, кај што е најлесно и за 5, 6 години да ги уредиме селата, да ги превземиме водоводите во селата и да направиме по некое зеленило и во село по некое игралиште, по некој реквизит, по една клупа за седење..

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, советници, медиуми. Сакам на кратко да го демантирам советникот Сакалиев дека не е точно дека не се собира смет од с. Мрежичко. Се собира. Таму има поставено од 5 м3 контејнер и на повик на жителите на с. Мрежичко, тој се собира секогаш кога има потреба. Инаку што се однесува за овие села, кои што немаат водовод сакам да ве информирам дека во моментот ЈП Комуналец набави 6 резервоари, 3 од 9 м3 вода и 3 од 5м3 вода, така да веќе сме во комуникација со месните заедници од Ќесендре, Фариш, Мајдан и Куманичево и таму тие ќе бидат поставени многу наскоро.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели реплика.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ:Директоре не рековме дека нема контејнери во село Мрежичко. Значи ние правиме да ги ставиме граѓаните во мерна состојба. Ако вие во град исфрлате 3 пати, во село ние бараме еднаш, а селото ни е 1км големо и стари луѓе што не можат 100 м. да одат и ти му ставаш контејнер у сред село. Тој никогаш нема да дојде до контејнерот, према парите што ги зимаме, а не правиме услуга за инесување на смет, а не изнесуваме смет. Значи вие во градот знаете дека кантата ти е пред куќата и ја зима Комуналец и ајде треси. За тоа Директоре правиме муабет, не за нешто друго , Инаку контејнер во секое село дури и јас не знам дали има, а таму сум секој ден, а знам дека сум копал во депонија, дека носам смет во депонија и го палам јас, немам друго решение или пак го

пакувам, па во Ваташа го фрлам во некој контејнер. Сега треба да видиме дека треба таму да направиме исправка, не да се докажеме, да имаме контејнер. Во Кавадарци еден контејнер имаме. И на Витачево имаме еден контејнер, кога минам тој е преполнет контејнерот, околу контејнерот ѓубре има и има мирис. Значи таму треба повеќе контејнери. Ако треба на Витачево, на Ладно Долче 3 нека бидат. Јас кога одам можам и да го сликам контејнерот, ама не сум таков да го пуштам, да го гледаат луѓето, да ни се смеат нас. Значи треба да видиме дека тоа што јас како советник поискусен и засегнат, не сум злонамерен и тоа што го барам дека е многу малку, дека е нормално. Директоре што бараме. Вода бараме за пиење и треба како менаџер, како директор да ги испочитувате граѓаните. Да. Ќе се заложиме у наредна програма ќе ставиме .Оваа година можеме да го ставиме Радња со водовод од 500м. Толку е 500 м. водовод во Радња и една ситна мрежа и таму има 20,30 викендици, и ќе платат тогаш и ако не изнесуваме, ќе ни платат смет, ради тоа што сме му дале вода . Е сега во Мрежичко немаме водовод. Многу е лесно. Ние поминавме, видовме, установивме, инспекторот ти вика оваа вода не е за пиење и готово чиста сметка, никој не сноси одговорност, ниту ништо, ама треба да му дадиш вода за пиење, да може да пие, ги раселивме селата скроз, како што од градот отидоа во Германија, по Хрватска и така од селот избегаа во градот . Значи во селото немаме веќе луѓе, али дебела белешка иде, по 3000 денари за изнесување на смет што не се изнесува и викаме мора да влеват во Комуналец пари, да мора ама изработени пари, не неизработени пари, не фиктивни фактури. Колеги може да дојде да се соочиме со проблем, граѓаните, ние не сме од нив попаметни, тие се од нас , да речат ај да видиме ние, па да не плаќаме 5, 6 месеци, па да видиме Комуналец дали ќе направе нешто за нас. Они можат тоа да го направат. Уредно треба да ги плаќаат белешките, ама треба да има и некоја услуга. Што ако речат граѓаните не плаќаме 3 месеци белешка, да видиме дали ќе се чуе нашиот глас. Тоа не е, во ова тешко време кога немаат луѓето пари едвај чекат да речат дај да пробам 3 месеци, па 10 денари ми е камата, 3 месеци да не плаќам и да видам дали некој ќе дојде да рече што е проблемот . На таа тема треба да дискутираме.Место да речиме дај да ги решаваме проблемите, ние се браниме, викаме нема проблем. Значи треба да дадиме подршка. Да речиме да, ќе го решаваме проблемот етапно 10%, 3% .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани. Ајде реплика.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Само се кажа една невистина за горните села. Колега Ристе ако можеш да ме дослушаш. Значи горните села незнам, изгледа не сте информиран значи горните села ги субвенционира Општина Кавадарци. Тие не плакаат за сметки. Значи секоја сметка за сите граѓани кои што живеат во сите села до 800 денари, значи Горна Бошавија, Мрежичко, Конопиште, Крњево до 800 денара, секој месец има задолжено лице кое што ги пушта податоците до финансии и Општината му ги плаќа нивните сметки. Значи тој дел на оваа програма до 31. 12 2023 година, значи до 800 денара Општината ги субвенционира сметките з а Комуналец, односно за сите услуги од Комуналец, односно не плаaат граѓаните на таа територија. Грешка ви е информацијата.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега ајде од место. Токму тоа го збориме, пошто белешките нема под 800, се над 800 и плаќаат. Како да не плаќаат кога им идат белешки. Ние на седница носиме одлука дека треба да ги ослободиме да плаќаат тие 5 фирми прехрана да не плаќа, сточар да не плаќа, земјоделец, баш тие реагираат, викаат ние немаме вода за пиење, треба да купувам од Кавадарци вода, тој ми става белешка 1500 денари. Ако ти ја став 700 треба да субвенционира Општината, он ја става 2000, да не може да субвенционира, него треба да платиш. Треба колега Горан да работиме на таа проблематика. Дали може ние да браниме став дека горе во 10 села 8 села немаат водовод и од таму натаму што да збориме повеќе. Нема што да збориме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на глласање. Кој е за. Едногласно.

5. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2024 година;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

6. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини за 2024 година;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

7. Предлог-Програма за одржување на фудбалски стадиони за 2024 во Општина Кавадарци;

Повели Филип.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, медиуми, колеги советници. Значи по однос на оваа точка сакам да ја истакнам и да ја запознаам јавноста во Општина Кавадарци

дека за првпат по однос на ваква програма на Општина Кавадарци со буџет од 3 000 000 денара ќе ги одржува фудбалските стадиони во Општина Кавадарци и тука се опфанати градскиот стадион Тиквеш, на Спортски Центар Јасмин, во Дреново, во Сопот, во Марена, во Глишиќ, така да сметам дека со ова ќе се подобрат и далеку условите за натпреварување и за тренирање од најмали, па до највозрасните во Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро е што носиме програма за одржување на фудбалски стадиони. Досега морам да потенцирам дека состојбата, освен на градскиот стадион на другите игралишта беше катастрофална во однос на теренот и ние не можеме да се надеваме дека ќе имаме млади лица што се занимаават со спорт, со фудбал, а да не им обезбедиме основни услови за тренирање, така да се надевам дека состојбата во наредниот период, во однос на овие терени ќе биде со оваа програма подобрена.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само едно надополнување. Во врска со стадионите еве да го запознаам колегата Вуко Мелов, може да не знае. Моментално е започнато реновирање повторно на стадионот кај Спортската сала Јасмин, а зошто не е направено, зошто се уништи травата ако веќе гледаме зошто не остана првобитната трава што беше посадена, имаме многу забелешки и од страна на тие што тренират таму и како ги тренират децата и други работи, само за тоа не е време сега да разговараме, превземено е повторно реновирање на стадионот, односно значи се саде нов травњак, ќе има од Комуналец ќе биде надлежност, со специјални машини каде што ќе се врши засадувањето, наводнувањето и одржувањето на тие тревни површини.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Кратко. Советничке гледам дека пробува нешто да се направе, а во однос на игралиштата, пак е тоа надлежност, не е само да обновите нова тревна површина или да ставите нов тревник да кажам, туку треба истиот да го одржувате и ако има такви ситуации кај што одредени лица кои што истите ги користат несоодветно треба да има одредено лице кое што истиот ќе го опомене. Не може да го оставите игралиштето така и да очекувате дека истото нема да биде уништено.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Само една кратка реплика. Значи во однос на овоа што го истакна значи конкретно ради тоа Општина Кавадарци си ги превзима сите обврски за одржување

на фудбалските терени, во Општина Кавадарци. Значи моментално се врши комплетна реконструкција со систем за наводнување на игралиштето, што во Глишиќ и во село Дреново. Значи со оваа програма комплетно Општина Кавадарци, заедно во соработка со ЈП Комуналец го превземат одржувањето и значи нема да има такви појави, како што е случајот со спортскиот терен на Спортскиот Центар Јасмин.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Значи реконструкцијата на теренот на салата Јасмин беше многу промовирано, на долго и на широко беше промовирано и долго беше и самата изведба дека доста чини и дека со таа реконструкција ќе се подобрат условите на игралиштето, на тервната површина и слично, но видовме дека тоа не е така и дека сега според тоа што го слушам има и одредени рекламации према фирмата или кој и да ја изведуваше реконструкцијата на игралиштето. Значи и сега пак има нели реконструкција и сега пак ќе се промовираме со тоа и така до недоглед постојано ќе имаме реконструкции и реконструкции на едното исто нешто, кое што инцијално може не било толку лошо, но самата изведба сега придонела да се влоши состојбата. Покрај тоа имам воочено од јужната страна на игралиштето и потонување на патеката за трчање по копањето сега на новата бензиска, која што се гради таму, така да и за тоа треба да се води сметка, дел од патеката е целосно уништена. Има големи недостатоци тоа игралиште и сметам дека има повеќе штета нанесено, колку што има корист од реконструкцијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ:. Благодарам советниче. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

8. Предлог-Програма за вршење на дејност- оџачарски услуги во Општина Кавадарциза 2024 година;

Точката ја ставам за гласање. Кој е за. Едногласно.

9. Предлог-Одлука за донесување на Урбанистички План за село Рожден, Општина Кавадарци, плански период (2019-2029);

Точката ја ставам за гласање. Едногласно усвоена.

10. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 6, за дел од Блок 6.7, „Старо Ангро,, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци;

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Благодарам Претседателе. Станува збор за измена на Урбанистички План, кој што предвидува 3 нови згради во централното градско подрачје. Со тоа продолжува централизацијата на Општина Кавадарци

и на Градот Кавадарци. Со овој Урбанистички План се очекува зголемување на фреквенцијата во овој регион и со тоа сметам дека ќе се загуши една улица. Утрово поминав јас по улицата, каде што се предвидени овие 3 згради да се градат и беше речиси невозможно да се помине таму, плус кога би се изградиле овие згради, би се привлекло ново население на овие подрачја, кои што итекако ќе донесе за зголемување на фреквенцијата овде и згуснување на населението. Од почетокот на годината, статистиката за одобрение за градење не се баш во прилог и со имаме јануари 256 одобренија за градење, февруари 66, март има мала пауза, па април 5, мај 17, јули 13, август 16 и септември 13. Со тоа Општина Кавадарци е лидер во одобренијата за градење, со 386 одобренија за градење, а денес сме сведоци и на еден масакар на улица Гоце Делчев, кај што е целосно исечен дрворедот, сите дрвја, здрави дрвја се исечени и со тоа ни останува да дишиме цигли, заради тоа што гледаме дека во отчетот, кој што го добиваме има спомнато само 30 дрва на улица Вишешница и 259 декоративни грмушки. Значи имаме 386 одобренија за градење, а 30 дрвја и 259 декоративни грмушки. Со тоа Општина Кавадарци годинава има повеќе одобренија за градење, отколку наседени дрвја. Веројатно се очекува сите да почнат да дишат цигли во Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ако може бидејќи не сме членови на Комисија за урбанизам, ако може да ни објаснат колку спратеви се планира да биде објектот, кој што се гради, кој што е планиран по ДУП.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Колега на комисиите беа убаво објаснати, а пошто ви не доаѓате на комисии. Тоа се приватни имоти кај што си побарале промена на Урбанистички План. Урбанистичкиот план се носе прво претежно од Министерството за транспорт и врски, па после го одобруваат и таму има две куќи каде што немат , затоа не треба да ја оптеретувате цело време седницата кога не доаѓате на комисиите и не ги слушате образложенија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: По барање на советниците на говорницата е претставникот од Секторот на урбанизам. Повели Марија накратко запознај ги советниците за точката на ДУП Старо Ангро. Повели.

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ МАРИЈА ДАНАИЛОВА: Значи станува збор за Детален План што се носи по Законот за просторно урбанистичко планирање. Почнат е уште 2017 година и овој релативно мал опфат значи во тој момент е отпочнат. Ова го кажувам, бидејќи ова е прилично стар план. Во меѓувреме во 2019 година се донесе новиот ГУП кај што, на дел од оваа површина се предвидени намени и домување во станбени згради, така да заради намената дел од опфатот на овој план што веќе бил во постапка на носење, а беше влезен еднаш во Министерството за транспорт и врски за согласност, значи беше донесен до крајната фаза на донесување, тогаш 2019. Нас ни беше вратен со објаснување дека не се поклопуваат намените на Деталниот План што се донесува и новодонесениот Генерален План. Намената е сменета на барање на граѓани од тој опфат, уважено е тоа, значи понатаму секој план што се носи треба со својата намена да е усогласен со Генералниот План како план на територијава тука за нас планот е на високо ниво, а значи еве 2023 од Министерството за транспорт и врски ние добивме согласност дека овој план ги задоволува сите критериуми и дека може да помине и да биде одобрен, затоа е ставен пред вас како советници на Советот на Општина Кавадарци да биде едноставно уважена одлуката, односно согласноста на Министерството за транспорт дека овој план може да биде ставен во употреба. Значи таму има намена домување во станбени куќи и дел има намена домување во станбени згради, како една градежна парцела. Во текот на донесувањево на планов, значи беше вратен во два наврати од Министерството за транспорт, во една прилика беше вратен со забелешка да се усогласи густината на населеност на местото. Значи во тој момент со Законот за просторно и урбанистичко планирање, значи станбените куќи предвидена е катност приземје, два спрата и поткровје, а на овој дел каде што има, претпоставувам тоа ве интересира кај што има домување во станбени згради имаше приземје, 3 спрата и поткровје. Сега кога се направи нели, по забелешката од Министерството за транспорт, значи забелешката беше да се разгледа повторно густината на населеност, а планското решение што беше ставено и на увид на службите таму во Министерството за транспорт,

значи со денивелација практично на површината за градба на станбената зграда, на дел, значи на аголот, во принцип тоа е начин за решавање на агли и урбанистичко планирање, аголот се става повисок, како репрезентативен дел. На аголот е предвидено приземје и четири ката, а на деловите странично, може да го видите понатаму на графиката ставени се приземје и три ката. Така да со тоа се намалува релативно густината, од Министерството ова е нели видено како предлог, одобрено и Миниетерството смета дека е одговорено на нивното барање за усогласување на густината на населеност за овој простор. Значи густината за населеност се дефинира во планскиот опфат. Значи далеку од надмината е, значи 129 жители по хектар, а во Генералниот е 250. Нешто ако ве интересира конкретно. Е сега бројот на станбени единици директно зависи од способноста на проектантот откако ќе биде донесен овој планерски проект, да обезбеди паркирање, така да сето тоа е пропишано со Правилникот по Законот за градење. Значи доколку обезбеди значи во овој габарит со стандардни, нели не треба да бидат субстандардни, значи тоа зависи од бројот на паркинг места. Тоа е услов за да биде проектот максимално искористен како површина, како број на станбени единици. Значи такво ограничување не постои и планов не ни дава нас број на станбени единици, значи ние сега не знаеме, ни ја дава висината, ни дава бруто развиена површина низ сите етажи, ни ја дава катноста и габаритот . Понатаму тоа е обврска на проектантот. Ова е започнато како приватна инцијатива. Значи има историја планов, започнато е како приватна инцијатива, до носењето на новиот Генерален План. Понатаму други лица што имаат право да се јават како инвеститори на ваков детален план, значи имаат сопственост, имаат имот во овој опфат, така да ова да, приватна инцијатива е законски пропишана, законската постапка е запазена и овој план има и согласност од Министерството за транспорт и врски. Да претходно со Планот имаше случај каде што имаше градежна парцела за која што мора да има обезбедено пристап автомобилски, имаше служben пристап на место што е небезбедно да се стави како пристап. Ние во текот на донесувањето на планот имавме нели анкетни листови, имаше забелешки нели, се трудеа да се најде, како да кажам, секој имаше свое решение, ама ова решение е

законско, со законско растојание меѓу раскрсници што не смеат да бидат на преблиско растојание, така да сега со планов, сите парцели во опфатот добија автомобилски пристап и претходното нужно решение, изнудено решение е решено во ситуацијата и сега сите се обезбедени и законски со пристап. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Марија на твоето исцрпно излагање.

Почитувани советници дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. За. 10 за. 4 воздржани и 1 против.

11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето ;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

12. Предлог-Одлука за за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно. Се извинувам. 1 воздржан, останатите за.

13. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП-80/2023;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

14. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 13/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Точката е едногласно усвоена.

15. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 32/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
16. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 29/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 169/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;
18. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр. 80/23 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Едногласно.

19. Предлог-Решение за именување на членови на Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци,Неготино, Свети Николе,Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;

Претрес. Нема збор. Кој е за. Кои се членовите од Општината. Стефанија.

20. Предлог-Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општините Росоман, Велес,Кавадарци, Неготино, Свети Николе,Чашка, Демир Капија, Градско и Лозово;

Едногласно усвоена.

21. Предлог-Одлука за бришење на правен субјект (Јадро);

Едногласно усвоена.

22. Предлог-Одлука за одобрување на Извештајот на ликвидаторот(Јадро);

Едногласно усвоена.

23. Предлог-Одлука за разрешување ликвидатор на Друштвото (Јадро);

Молам за гласање. Едногласно усвоена.

24. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Душица Ташева за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

Отварам претрес. Кој е за. Едногласно усвоена.

25. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Јасминка Бакуле за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

Едногласно.

26. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Блажо Грков за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

Едногласно.

27. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Илија Јанковски за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

Едногласно.

28. Предлог-Одлука за одобрување на барање за субвенционирање на Васил Илов за купување и инсталирање на електрична фотонапонска електроцентрала;

Едногласно.

29. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година(Здружение Мобилност);

Едногласно.

30. Предлог-Предлог-Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Гоце Делчев“ Кавадарци;

Едногласно.

31. Деветмесечен извештај за работа на ЈП „Комуналец„ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Повели Директоре.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, советници, почитувани медиуми. Денес пред нас е 9-месечниот извештај за работењето на ЈП Комуналец. Самите можете да видете дека извештајот е позитивен и по бројки и по реализирани активности и затоа би ве замолил сите едногласно да го усвоите, бидејќи овој извештај е далеку попозитивен од минатите години и можете да видите дека го завршуваме со позитивно салдо. Јас на кратко ќе ги елаборирам сите сектори и одделенија на претпријатието и ќе нотирам по неколку забелешки позитивни и негативни и во име на транспарентното и отчетно работење на претпријатието, би ве замолил низ една конструктивна дискусија и предлози доколку ги има, да ги елаборираме и заеднички да допринесиме уште подобро работење, бидејќи претпријатието е јавно формирано од Општината и е интересот да бидеме вистиски сервис на граѓаните. Во Секторот Водовод главен акцент ставаме на новите приклучоци, кои што во овие 9 месеци ги довршивме во Брушани и од месец октомври, почнавме со приклучоци на водоводната линија спрема местото викано Луле, каде што очекуваме над 150 нови приклучоци да поврзиме и во овој дел сите куќи од Ресавски Залив, па до Брушани ќе бидат приклучени на водоводниот систем Лукар, при што Тиквешкото Езеро со ова инвестиција на поставување на нови водоводни линии кои што ги спроведе Општина Кавадарци, Тиквешкото Езеро со својата примамливост ќе стане вистинско туристичко место каде што бенефит ќе имаат голем дел од граѓанитена Општина Кавадарци. Значи во населба Брушани само оние кои што немаат побарано приклучоци, не се приклучени и тие се многу мал број, речиси над 90% од куќите се приклучени и сега продолжуваме кон кракот на местото викано Луле. Во овој сектор сакам да потенцирам дека скоро 4 месеци работиме и на реконструкција на филтрите на изворот

Лукар, каде од 4 филтри 3 се комплетно реконструирани и моментално се работи на санација на 4-от филтер. Значи г-дине Сакалиев прећеска зборевте за филтрите. Морам да потенцирам дека овие реконструкции ги вршат наши вработени и со тоа заштедуваме средства во самото ЈП. Јас како директор на Комуналец во секторот Водовод во овој период констатирав неколку приоритети кои треба да се направат во следната година за уште подобро водоснабдување во градот. Прво сите сме сведоци во изминатата недела, имавме неколкукратни намалувања на притисоците на водата, во некои повисоки зони каде што земаат граѓаните. Тоа е поради честите прекини на ел. енергија од страна на ЕВН и скада системот кој што го има Комуналец беше вон функција и водоснабдувањето во поедини делови на градот беше намалено, односно притисоците не беа изедначени, затоа во наредниот период ќе инвестираме во еден генерален атом, кој што ќе биде поставен на филтер станицата и главниот регулационен вентил ќе го поврзиме со овој регулатор, така да при секој прекин на ел. енергија би се вклучувал автоматски и вакви проблеми со притисоците повеќе се надевам дека нема да ги имаме и втората забелешка која што ја имам и како приоритет во секторот Водовод е тоа во следната година да ги смениме сите воздушни вентили и испусти на главниот цевковод, бидејќи тие повеќе од 10-тина години не се променети. Во секторот Канализација главен приоритет дадовме на КВФ проектот, кој што заврши во роковите кои што беа предвидени и со тоа дел од градот како и село Марена и село Ваташа добија еден нов канализационен систем, каде се одвои фекалната и атмосферската канализација со што трајно се решава на голем дел од градот проблемите со поплавите при обилните врнежи, се работеше и на колекторскиот систем од страна на Комуналец и сакам да потенцирам една голема активност која што ја работеа нашите работнициподолг период, а тоа е реконструкција на преминот на колекторот позади Градска болница, која при сите поголеми дождови и при зголемување на водстојот на реката Луда Мара доаѓаше до кинење на истиот и фекалиите одеа во реката и затоа од таму идеше таа една непријатна миризба во оној дел од болницата спрема Марена. И моментално се работи на реконструкции и одделување на

атмосферската и фекална канализација, меѓутоа и КВФ-то и останатите реконструкции кои што ги правиме, кои што ги гледаме се многу интензивни, се само еден мал дел од она што значи целосно одделување на атмосферска од фекална канализација, затоа во наредниот период е приоритет и на Комуналец и на Општина Кавадарци. Треба да биде што повеќе реконструкции, односно одвојувања на овие канализации. Во секторот на Комунална хигиена, односно одделението за износ на смет редовно се вршеше за износот, како што е по програма со Општината, забелешките од граѓаните за износот се многу минимални и со набавката на двете нови ѓубрарки се зголеми ажурноста и ефикасноста во износот во целиот овој период. Со одлуката за износ на смет во Поткожувјето и во викенд населбите на Тиквешко Езеро буквално ниедно населено место нема каде што ЈП Комуналец не врши подигање и депонирање на отпадот. Се набавија нови 40 контејнери од 1м3, до Нова Година ќе набавиме уште 20 такви, со што Кавадарци понатаму ќе важи за најчист град во Македонија. Морам да напоменам дека по барање на граѓаните, во соработка со комуналниот инспектор се изврши дислокација на контејнерите од 5м3 на повеќе локации во градот. Во овој сектор и одделението Механизација каде и покрај секојдневните сервисирања на овој тим за одржување во изправна состојба на сите возила на претпријатието, ова одделение има заштеда од 1000 000 денари во споредба со минатата година само по основ на трошоци за резервни делови. Во ова одделение се и браварите кои и покрај тековните наши активности, работат по програма со Општината за одржување на урбаната опрема и сообраќајните знаци, со што градот е редовно сервисиран и исто така можам да нопоменам дека има голема заштеда на средства од страна на Општината, бидејќи знаеме во минатото овие одржувања ги работеа надворешни фирми. Во секторот на Јавно зеленило се наоѓаат оделенијата Јавна хигиена и хортикултура. Одделението Јавна хигиена без ниту една забелешка, беспрекорно ја извршува работата, тоа се гледа од реакциите на граѓаните, а најмногу по гостите кои што идат од страна, кој со право го нарекуваат најчист и најсреден град во Македонија. Со набавката на ел. метларки и шмукалката дополнително се зголеми ефикасноста во работењето на ова одделение. Во ова одделение како тука

спаѓаат и оџачарската служба, која што активно и во моментот работи на терен, досега се исчистени 360 оџаци. Во минатата година имавме исчистено 450 оџаци на куќи и 35 згради. Во одделението Хортикултура постојано се работе на подигање на нови зелени површини, се врши кастрење, одржување на дрворедите и со набавката на новите уреди за кастрење и сечење на дрвата и со новите дувалки за лисјата, одделението е на висина на задачите. Со отварањето на цвеќарата, која што е во соработка со Земјоделско Шумарското Училиште во наредниот период очекувам Кавадарци да биде во експанзија со засадување на цвеќиња и останати дрва од сопствено производство, при што очекувам Кавадарци да биде еден цветен град, прв во Македонија, кој ќе има насад од сопствено производство. Во секторот Општи и правни работи сакам да истакнам дека одделението редовно ги извршува оптужувањата и издавањето на платни налози, при што со ова нивна ажурност се зголемува и дисциплината за плаќање на сметките, при што претпријатието има наплата од над 90%, додека на оние кои што имаат тужби од минатите години со одлука на Совет дозволено им е да си го платат долгот на рати без камата. Исто така во ова одделение е и одделението за изготвување и дистрибуција на сметки, каде што можеме да забележиме зголемено фактурирање на вода кај правните лица и кај дуќаните, додека намалено е фактурирањето кај физичките лица. Ова намалено фактурирање кај физичките лица според мене е од два фактори, а тоа е наглото иселување од градот и застареноста на водомерите кои се во сопственост на граѓаните. Во изминатиот период имаше многу шпекулации дека ненавремено се отчитуваат водомерите и дали е точна фактичката состојба на фактурираното и евидентираното и затоа Градоначалникот формира комисија од страна на вработени во Општина Кавадарци, кои што одеа на терен во контрола, заедно со инкасантската служба, се исконтролираа 11 000 водомери. На секојинкасант имаше поставено контролор. Од читаното и фактурираното беше точно со 99%, со тоа се потврди дека инкасантите добро си ја работат својата работа, а оние излолирани случаеви кои што ги имаме, се појавуваат на социјалните мрежи се или по ненавремено читање поради објективни причини на водомерите или поради порамнување на отчитаното. Во

овој 9-месечен период се изврши ажурирање на површините на правните лица, со што е забележано зголемена површина за износ на смет и затоа во споредба со минатите години оваа година имаме разлика во позитива од 6 500 000 м2 на површина повеќе од лани. Како посебни одделенија во претпријатието, кои не се секторски се одделенијата Гробишта, Пазар и Јавни Набавки. Јавните набавки навремено ги завршуваат тендерските постапки. Одделението Гробишта во споредба со минатите 5 години е со најмалку извршени погреби и тоа е добро, иако приходот на ова одделение е со намален приход, додека одделението Пазар со новиот модерен пазар, кој што го инвестираше Општината и ни го предаде, приходите дополнително се зголемија, додека излагачите, односно продавачите и купувачите се повеќе од задоволни. На крај поради домаќинското и транспарентно работење на сите овие сектори и одделенија во ЈП Комуналец доаѓаме до позитивен финансов извештај кој што го работи секторот Финансии, а кој што го имате пред вас. Сите можеме да увидиме најголем трошок и разлика во споредба со минатата година се платите. За 9 месеци разлика од 23 000 000 денари во споредба со минатата година, ова исклучиво поради зголемување на минималната плата, како и покачувањето и усогласувањето на платите кои се извршија изминатиот период. Исто така сакам да потенцирам е дека зголемен трошокот на суровини и материјали. Со ова се констатира дека повеќе сме работеле на терен. Зголемена продуктивност на работењето од страна на работниците и зголемени реконструкции. Исто така имаме и зголемување на ставката Услуги од други, а тоа е поради еден малку спомнат проект, а јас сакам денес пред да да го спомнам, тоа е инвестиција на Комуналец софтвер за работни налози. Со овој софтвер се зголемува контролата на материјалното, односно има повеќе координација помеѓу материјалното и оперативноста на терен, односно се контролираат сите материјали кои што излегуваат од магацинот. Овој софтвер во наредниот период ќе се надгради и сите оние одделенија и сектори кои што користат материјали од страна на фирмата ќе бидат воведени во тој софтвер. Сите останати трошоци се намалени во однос на минатата година и затоа 9-месечниот финансов извештај го завршуваме со позитивно салдо од 6 700 000 денари,

што е за 6 000 000 денари, разлика повеќе од минатата година. На крај она што дава акцент на ЈП Комуналец е дека основните средства на фирмата, односно вредноста на капиталот на фирмата за само 9 месеци, оваа година е зголемен за скоро 15% во однос на лани, поточно вредноста лани била 414 000 000 денари, додека оваа година е скоро 480 000 000 денари на основните средства на ЈП, затоа ве повикувам едногласно да го усвоиме овој извештај и со тоа да ни дадете дополнителен мотив за уште подобра работа се со цел поголема и подобра услуга на граѓаните.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ:Почитуван Претседателе на Општина Кавадарци, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци. Мојата анализа на 9-месечниот извештај на финансиското работење на ЈП Комуналец Кавадарци ќе ја базирам на она што беше како еден од последните заклучоци на директорот на ова ЈП, а тоа е во делот на добивката на третиот квартал . добивката во третиот квартал изнесува 6 721 829 денари или 110 000 евра. Споредбено со лани за истиот период е зголемена за 6 000 000 денари. Тогаш изнесувала
798 000 денари. Е сега , ако имаме ваква добивка зголемена скоро за 10 пати, зошто се укажа потреба од зголемување на комуналните давачки на граѓаните. Тогаш аргументите беа заради покачени плати и усогласувања на плати. Сега гледаме дека тоа не игра улога во однос на добивката, а сметките на граѓаните се покачени некаде и за 20, некаде и за 30 % на што истите реагираат и со овој тренд ако продолжи дали се планира, дали покачувањето е направено за да се дуплира добивката до крајот на годината. Не ја гледам поентата од покачувањето при ваков финансиски извештај и втора забелешка ми е ставката за трошоци за службени патувања, која споредбено со ланската година овој период е зголемена за 15 пати и ме интересира зошто е тоа така и дали има некој бенефит од тоа.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Директоре ме спомнавте и извештајот што го правите вие со вашето книговодство, тоа се фактури и факти и каков е таков ние, јас ќе го гласам. Лично јас. Друго ми е намерата и друго ми е целта. Позитивно е тоа што рековте да ги реновирате филтрите или ги ремонтирате, познат сум во таа работа и во детали ме

интересира во што се состое, промена на песок, филтри, цуцли, значи во детали и ако е тоа така, тоа е добро. Друго сакам Директоре да ве потикнам да направите. Прерѓеска зборуваав за зеленилото и сега во меѓувреме од Радња ми пуштиле проект за водовод што е 500м. долг и многу евтин. Го препратив на Градоначалникот и сакам да го разгледате и да прифатите барем еден водовод по селските средини да инвестираме и да ги превземиме водоводите во селата, ради тоа што може да дојде до недобра работа. Селаните од селата горе се возрасни, поистоштени, немат од каде да најдат вода и тие пијат од тие водоводи, каде што од инспектори се прогласени за водоводи што не се пијат. Немат они друго решение, нема да стигнат до градот, дали зимски услови, дали немаат превоз, дали нема кој да ги земе и може да дојде до некоја епидемија. Значи обврска е на Комуналец да ги превземе селските водоводи, барем на одржавање, а ако во една или у две години барем еден водовод, ако почниме од Радња да го направиме, ако е најсреден со документација, со техничка документација да можеме да стартуваме, да направиме еден договор и да го прифатите тоа како такво. Оваа година, наредна еден водовод, селски што е 500м. што е многу мала работа, никаква работа, сега имаме овие ПВЦ црева и еден зафат на вода да го ставиме во селото. Тоа сакаме од вас да испровоцираме, а не да дискутираме за извештајот кој е заснован на фактури и бројки, и бројките вие ги пишувате, вие ги браните, ние во детали нема да бидиме инспектори,па да ги вештачиме. Тоа ми беше Директоре целта. Во стартот добро е што филтрите на Лукар се репарираат или се ремонтираат, али позициите, кои позиции. Значи кои позиции на филтри се прават. Дали е тоа само фарбање одоколу или некој држач се прави или е целта да се ремонтираат во глобала, во целост, оти тие филтри еднаш стигаа до Ваташа, па пак се вратија назад на Лукар. До пред 3 седници мислевме дека филтрите се во Ваташа, во Моклиште. Ме сфаќаш што сакам да кажам.

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Благодарам Претседателе. Почитувани присутни, почитувани сограѓани, почитувани медиуми. Од извештајот за работењето на ЈП Комуналец за периодот од 01.01. 2023 до 30.09.2023 може да се забележи дека сите сектори во ЈП бележат позитивни резултати, а тоа значи приходите ги покриваат трошоците

на ЈП имаат добивка од над 6 000 000 денари. Јас би сакала да се осврнам на еден друг момент. Пред 3 недели во Општината, во организација на Градоначалникот имавме работен состанок на кој имаше претставник од Министерството за животна средина, професор од Штипскиот Универзитет, претставник од Здружението на АТКОМ и претставник од Регулаторната Комисија за енергетика, водни услуги и управување и услуги со комунален отпад. Покрај содржините кои беа презентирани воглавно за водните ресурси беше нагласено од страна на претставникот на Регулаторната Комисија дека Општина Кавадарци е една од општините кои има најмногу нефактурирана вода. За граѓаните од големо значење е што се случува со оваа нефактурирана вода. Потребно е претпријатието да ги преземе сите контролни механизми и да најде начин ова нефактурирана вода да ја најде. За да биде рентабилно претпријатието мора редовно да се плаќаат сите услуги, кои ги добиваме од претпријатието, но за да биде ефикасно и успешно потребно е да имаме релевантен одговор за тоа каде се губе оваа нефактурирана вода. Овде се остава простор и можност за многу сомнежи. Сведоци сме исто така, сите граѓани сме сведоци за добиените покачени сметки од Комуналец. Последното покачување на сметките од Комуналец не беше по ставка на вода. Да нема политиканство советниците од ВМРО ДПМНЕ подржани од Градоначалникот изгласаа Предлог Одлуката за покачување на ставките за јавна чистота, за зеленило и износ на смет, притоа ни беше кажано дека малку ќе се покачат сметките од Комуналец, меѓутоа граѓаните ова многу го осетија и реагираа. Доаѓа период кога за кратко време најверојатно повторно ќе имаме покачување, но сега по ставка на вода. Не сакам погрешно да бидам разбрана, јас сум многу заинтересирана ЈП Комуналец да работи добро. Генерално и работи добро, но овие недостатоци, кои ги нотираме на Совет ја оправдува целта за која ние како советници постоиме.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани ЈП Комуналец Кавадарци заедно со Општина Кавадарци докажа и покажа во изминатиот период како се работи. Значи освен основните дејности, кои што ги работи водоснабдување, и доставување до граѓаните до крајниот партиципиент на чиста вода за пиење, канализација, пазари, мини хидро електрични централи,

каде што изградивме и Петта МХЕЦ, јавно прометни површини, зеленило и хигиена ЈП Комуналец заедно со Општина во изминатиов период превзема и програми, кои што во претходниот период или никој не ги работеше или беа работени на тендер, односно на фирми кои приватно ги работеа овие работи. Тука се работи како градските тоалети, предходно во централното градско подрачје во Градот Кавадарци имаше само еден градски тоалет, сега има над 20-тина тоалетни кабини, каде што ЈП Комуналец Кавадарци заедно со Општината Кавадарци ги одржува, односно и ги проширува тоалетите, каде што има потреба. Оџачарската служба, претходно граѓаните мака мачеа да најдат оџачар и тие работи да ги извршат, односно знаеме дека граѓаните на Кавадарци најголем дел се греат со огревно дрво и не можеа да се припремат за зимата. Моментално добив податок дека само минатата година од ЈП Комуналец биле опслужени 454 куќи и 35 згради, односно бил исчистен тој дел да може да ги користат огревните дрва. Градежна група, пред 6 години не постоеше, сега ЈП Комуналец има своја градежна група, што може да заличиме и на градежна фирма со своја механизација и дополнително екипа, која што ги санира сите поправки, односно поправки и дефекти низ градот, дали скршени клупи, дали лулашки, дали играчки, дали столбчиња, сето тоа го прави таа градежна група, исто таму има програми за полски патишта и за урбани патишта, односно ЈП Комуналец претходно тие сите услуги ги работеа приватни фирми на тендер, сега ЈП со свои машини, односно булдужери тие работи ги извршуваат на терен. Згрижување и третман на кучиња. Значи тие неколку години претходно кучињата знаевме дека бездомните кучиња ги имаше насекаде и имаше страшен проблем со тоа. ЈП Комуналец еве неколку години истото го работи и се згрижува за третман на тие бездомни кучиња. Од 2024 година зимската служба ја превзема ЈП Комуналец. Се надевам ќе биде и успешно. Тоа претходно беше дадено на приватни фирми. И одржување на игралишта. Знаеме дека Општина Кавадарци скоро сите игралишта во општината и заедно со стадионот Тикveш значи ги реконструираше, сега ЈП Комуналец ги превзема за одржување. Морам да напоменам дека сите овие услуги ЈП Комуналец дополнителни над основните дејности ги работи по програмите, претходно што ги видовме и за сите тие услуги не плаќат денар граѓаните,

односно сите тие услуги дополнителни сега што ги наведив ЈП Комуналец врз основа на ситуации или фактури ги фактурира кон Општина Кавадарци и затоа Општина Кавадарци си плаќа одреден надоместок. Ваквиот дополнителен трошок на ЈП Комуналец го гледаме значи и во извештајот 9-месечен, значи се рефлектирал, односно имаме 6 000 000 денари добивка. Таа 6 000 000 денари добивка во превод значи 100 000 евра, не е некоја голема добивка, но сепак значи дека ЈП Комуналец работи добро и рентабилно. Само за пример регресот за годишен одмор на вработените во ЈП Комуналец не е исплатен, сега да го исплатиме, тија треба да се исплати знаеме законскиот рок до 31.12, тоа е 4 000 000 денари, значи добивката б и се сведила на 2 000 000 денари. Значи ЈП Комуналец работи со позитива малку можам да кажам слободно над нулата. Ако излеземе со 2 000 000 добивка, тоа е одредена добивка колку ЈП да не биде во загуба, знаеме дека се откажавме и од одредени претходно добивки што ги имаше менаџерскиот тим, односно претходните директори и сметам дека вакво домаќинско работење како досега и грижење, односно работење по сите програми за да истите се фактурират кон Општината, не било претходно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници, почитуван Градон ачалник, почитувани медиуми јас лично ќе гласам позитивно за овој извештај на ЈП Комуналец, пред се заради тоа што сите обврски према нашите граѓани ги супституираа на начин што сметам дека треба да бидат задоволни, сите работи, еве беше лиферувано и од директорот за сомнителност во однос на јавни набавки, на приватно јавно партнерство досега со новото функционирање се сведени настрана, сите обврски што им ги додаваме на Комуналец, претходната точка ни беше за одржување еве и на стадионите за износ на смет во руралните средини, за хигиената во градот, за обврската за градење на атмосферска и фекална канализација, малтене како градежна фирма во однос на механизација и во однос на работна снага. Јас овој извештај ќе го гласам позитивно, само сакам едно мое размислување до менаџерскиот тим, тоа сигурно можеби е разговарано во неколку наврати и со градоначалник во исдно време за воведување на лабораторија за чистота на вода. Тоа можеби Градоначалникот во неговата дискусија ќе го

образложе. Неколку наврати е разговарано со менаџерскиот тим, така да сметам дека повикувајќи се на тоа дека другите општини во околината на Кавадарци имаат, еве една Битола да речиме има своја лабораторија за испитување на чистота на вода. Зошто ЈП Комуналец да го нема тоа и другиот бенефит е тоа што ако ги земите јавните претпријатија надвор од Кавадарци, тие сите се поделени со сектори, со посебни директори, со посебни служби. Кај нас е едно огромно, гломазно ЈП со 350 вработени, не знам колку се отприлика, работи со еден менаџерски тим така да сметам дека за рационализација на трошковите и од мене имаат еден одличен глас. Така да нека размисле менаџерот на претпријатието за евентуално во идно време лабораторија за чистота и исправност на вода за пиење.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги сакаме да ги прикажеме розови работите, меѓутоа сметам дека ни малце не се розови работите. Прва работа од Финансискиот извештај кој што го гледав ако ги погледниме приходите, кои што ги има остварено ЈП, на пр. приходите по основ на вода на физички и на правни лица и ако ги споредиме приходите од минатата година со оваа година, ќе видиме дека иако имавме зголемување на цената на водата, приходите по овие два основи зачудувачки не се зголемуваат со таков обем, односно се зголемуваат минимално. Зошто е тоа Директоре така. Заради тоа што имате загуби на вода. Имате нови приклучоци, ни зборувавте тука 10 минути, ни кажувавте што се сте направиле, имате нови приклучоци за вода по одредени места, имате зголемена цена на вода и на крајот приходите по основ на приходување на ЈП Комуналец, по основ на вода на физички и на правни лица се со помал обем во однос на она што навистина треба да бидат. Што се случило и зошто е тоа така. Дали заради тоа што не си ја потерувате работата и конечно не успевате да го најдете клучниот проблем на ЈП, а тоа е каде ни одат загубите на вода. Спомна и колешката дека ЈП Комуналец има највисоки загуби на вода на ниво на Македонија, над 60% загуба на вода. Над 60% загуба на вода. Не можете да ги најдете кај ви се, кај ви бега или не сакате да ги најдете. Друго образложение и објаснување немам. Ако ги погледнете сметките, кои што ги фактурира ЈП Комуналец и ги споредите со пред неколку години ќе видете дека износите

се зголемени веќе за 3 пати. Ако претходно едно семејство плаќало 600, 700 денара сега плаќа над 2000, 3000 денара за комунални услуги. Ако направите анализа за цените колку се зголемени само во последните 6 години и во однос на вода, околу 14 денараи беше
делот на вода и делот на канализација, сега е 22, 23 денара. Ѓубрарнината која што е највисока ставка пред 5, 6 години, пардон, 2019, пред 4 години 1,1 сега е 2,5 денара, за правните лица е 3 денара. Јавно зеленило исто така зголемено, јавна чистота исто така зголемена и добивме сметки кои што се како да ви кажам енормни. Еве ќе направам, постојано го потенцирам и го зборувам воа, еве сметка за ел. енергија 2048 денара за месец септември, сметка Комуналец за истиот месец 2023 денара. Мои се. Ќе ти ги дадам да ги видиш после. 2000 денара сметка за струја и за вода иста. Кај го има овоа. Да трошам. Ако може да не ми дофрлате Директоре, не ти доликува, директор сте на една од најголемите ЈП во Кавадарци и не е соодветно да дофрлаш така. Градоначалник ве замолувам и вас исто. Ти кажуваш прикаски и не е во ред да прекинуваш советник кога зборува. Ако ја погледнете расходната страна, 64% изнесува делот за плата и како што тргнала работата и во наредниот период повторно ќе имаме зголемување на цените. 64% од 202 000 108 ви се за расходи за плата. Ако го тргнете делот на амортизацијата ќе испадне трошокот уште поголем. Пред две седници го зборувавме и тоа, ги зголемуваме цените на комуналните услуги, а купуваме службени возила од 100 000 евра и сето тоа треба да биде на терет и да го платат граѓаните на Општина Кавадарци.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани советници јас ќе ставам крај на овие манипулации тука. Почитуваниот советник од СДСМ, кој што и партијата ја уништи, сега сака и нас да не униште. Нема да му дозволиме. Значи тоа што можеш сам да си го уништиш, да си го доуништиш. Да прекините да ја манипулирате јавноста со струјата, со водата, со телефонот, со интернетот. Кој колку ќе си потроше, толку ќе си плате. Манипулации не треба да има. Ако не потрошиш ниеден кубик вода, нема да платиш бре господине. Ми зборуваш за пред 6 години, 7. Немаш право да зборуваш ти за пред 7 години. Немаш право да зборуваш. Од 20 години, ќе ми кажуваш ти за пред 7 години, пред 8 ми кажуваш дека

платите порасналe. Па ние работиме по директива на усогласување за Законот за јавна администрација и државни службеници. 3 пати по 10% тоа е 33, кои што Владата ни ги наметна да ги покачиме платите и ни тоа го прифанавме како такво. Изгледа немаш добра корелација со твојата партија таму во делот на политиката на покачување на плати. Еве ја минималната плата пак рипа. Што зборуваш ти за плати бе. Па ка платата расте по дифолт. Сакаш да ми кажеш сега од поголеми сметки на вода и за комунален износ. Пензионерите затоа протестираат. Онкологија затоа се распадна. Судството затоа протестира. Пола држава ви е во протест бе. Ти ќе кажуваш за комунални сметки. Значи прво и основно немаш легитимно право да зборуваш за пред 9 години. Пред 9 години ти си бил дете од 20 години, што не си знаел што е вода. Второ во моментот Општина Кавадарци има најевтина вода, сакал ти прифанал, сакал не прифанал. Анализа направи си, види си. 22,5 денара е м3 вода. Под 30 нема никаде износ на комунален смет за покриен простор. 3 денара е сега, за правни. За физички. 2,5. Во Скопје ти е 7 денара по м2. Како бе тоа ние сме скапи. Во Велес е 6 денара. Како бе тоа ние сме скапи. Манипулираш со јавноста. Манипулираш до крајна граница. Луѓето не се неписмени, тоа да го согледат. Да му го кажеш правиот правец на луѓето како треба да се понашат со комуналниот отпад. Како како Општина правиме најголем комунален отпад од 160м3 на ден на 40 000 жители. Тие показатели треба да ги разработиш малку, да видиш колку треба да бидат по број на жители м3 отпад. Колку треба да селектираме и колку ќе биде тоа скапо и до каде ќе стигниме. Вчера ви кажуваше дека министерката беше тука. За жал не се види ти со неа, не знам од кои причини, истото го разговаравме дека најевтини комуналии, најевтина вода има Општина Кавадарци. Таа е свесна жена, жена од Министерство кое што доаѓа, не доаѓа само за политика, него е писмена жена, како да ви кажам. Значи во делот на потрошувачката има три работи колку ќе си потрошиш вода, толку ќе си платиш, ако потрошиш 5м3 5 ќе си платиш, а ако си потрошил 50м3 што ја криеш сега сметката или 40м3, јас сум дома осумчлено семејство трошам 30, како вие трошите 40 кубика. Не знам, треба он да си каже. Јас трошам 30 дома, еве ти кажувам. Второ наплатата не се вика

фактура за комунален износ на смет, ние имаме такса комунална, такса за покриен простор и за отворен простор, оние што се поимотни, со повеќе имот, повеќе квадрати покриен простор и со повеќе квадрати на двор, ќе платат повеќе. Тие што живеат во стан од 40 квадрати, ќе плате 100 денара. Некој што живее во 500 м2 куќа, нормално дека ќе плате многу повеќе. И тоа е мерлива работа. Па нека се определе секоједен според условите на начинот на живеење. Зборуваш за добивка од 6 000 000 денара. Тоа е минијатурна добивка, која што во тек на годината допрва ќе се прокнижува и до прва ќе се прави и јас ти гарантирам дека секоја добивка сразмерно се враќа назад на граѓаните. Ај види ја ставката за трошкови на резервни делови. Види ја ставката за трошкови на дефекти, колку е намалена, намалена драстично, упола намалена. Затоа што се обнови возниот парк, се земаа 5 нови возила ѓубрарки, метларки, ровокопачи, се немаме дефекти . Во делот на филтрите што ги спомна Сакалиев, филтрите се претходно реконструирани делумно, сега се работе на реконструирање на данцата на самите филтри, од самиот век на дотраеност има доста изгниеност во делот на филтрите и се менуваат данцата на самите филтри и ми се чини дека кварцен песок и тоа е тоа што требеше на филтрите да му се завршe и да му се продолже векот уште 10 години. За 10 години треба пак да се сменат филтри, а еден филтер провери колку пари е па после ќе разговараме за м3 вода. За брзо време и комуналниот износ и такса ќе премине преку Регулаторна Комисија како што е водата. Зошто го манипулирате народот и викате 14 денара беше м3 вода, сега е 22, кога Регулаторна Комисија го носе тоа врз основа на работењето на секое ЈП. Дали може вие поинаку да го смените тоа. Не можете. Ниту јас, ниту Директорот, ниту никој друг. Тоа е дефинитивно ставено со закон Регулаторна Комисија. Зошто не ми кажеш дека нафтата е скапа или струјата или нешто друго. Ај да ги анализираме белешките по kw колку се пред 5 години и колку се сега. Мене ми е јасно дека ќе биде поскапа струјата. Мене ми е јасно дека и прехранбените производи се поскапи. Мене ми е јасно дека и нафтата е на екстемно високо ниво и природниот гас и сите ресурси и сега ќе бараме виновник. Нема да бараме виновник. Треба да се снајдиме во оваа средина кај што живееме економска криза,

а не да манипулираме јас платив струја волку, волку вода плати. Ти нетроши струја, нема да платиш. Вода трошиш, ќе платиш нормално. Значи според потрошувачката ако си домаќински определен, се знае таму по глава на жител колку се троше вода. Во делот на загубите. Да колешке, советничке беше тука, разговараавме, има загуби на вода, кои што ги третират бруто и јас го поставив пред вас прашањето и викам некоректно е за едно ЈП да се третира бруто загубата на вода. Значи никаде не е земена водата што е на прелив. Пак ќе потенцирам и ќе кажам еве денеска, вчера, пред еден месец континуирано 30% од нашата вода е на прелив и оде во Луда Мара. Значи таа мора некако да се изземе од бруто стигнатата вода да не влезе во загуба, али во моментот ја третираат како нефактурирана вода и факт е дека нефактурирана вода е, не е ни влезена во системот, не е хлорирана, не е филтрирана, не е ништо, е прелив, класичен прелив, не третирана вода. Нашиот систем е гравитационен. Да , не е со пумпа, ни да можеме пумпата да ја соприме кога ќе го наполниме базентот, значи е гравитационен. За таа работа по целиот приод си произведуваме струја. Така да тоа е системот. Тоа е начинот на работа. Крушево ако го земиме во предвид, Крушево пумпа вода од 500 м. надморска височина на 1200 и се полне базенот и кога ќе се наполне, гасе пумпата. Таму нема прелив. Кај нас е таков системот гравитационен. Значи ЈП ќе оде само напред и напред. Догодина, пошто Сакалиев неколку пати ги спомна водоводите јас и вчера и денеска разговарав со раководителите од Комуналец и од Општината зимаме за обврска, како никогаш досега 8 села ќе добијат канализациона мрежа Рожден, Чемерско дополнување на канализационата мрежа, Бојанчиште, Бохула, Страгово, Фариш, Раец дополнување и дел од Марена каде што имаме проблем со канализацијата, со тоа, со Долна Бошава е изоставена, Конопиште има канализациона мрежа, сиет наши села со 20 000 000 денара, ќе добијат канализациона мрежа. Вооедно паралелно, тоа го разговаравме ние со жителите од месните заедници ЈП Комуналец набави 3 или 4 цистерни, не ме фаќате за збор од 5 и од 10 м3, ќе ги поставиме сега во Куманичево, не знам во Радња, не знам каде треба да се стават. Со поставувањето на цистерните ни ќе имаме акумулација на вода од природните зафати кои што ги имат.

ЈП Комуналец ќе си направе минимални трошкови со мали хлорни станици и ви гарантирам дека догодина тоа ќе биде во функција, во таа работа мора да ставиме и броила, затоа што единствен начин Комуналец да делува законски мора да има броила. Сите села кои што немат водовод, сега ќе имаат водовод . Наредната година хемиска, физичко-хемиска и микро лабораторија ќе набавиме. Тоа е негде инвестиција од 3 до 4 000 000 денара, каде што секојдневно екипа на ЈП Комуналец покрај главниот извор Лукар, Стара Река и Жарница, ќе ги контролираат и овие водоводи на 2 дена, на 4 дена, после обилни дождови и не го спомнав исто водоводот со 20 литри во секунда над Моклиште Грговата Чешма т.н. и тој водовод ќе се ставе во систем. Значи ќе имаме ние повеќе од 10 водоводи кои што ќе ги хлорираме, филтрираме и ќе му правиме услуга на граѓаните и континуирано тоа ќе функционира и ќе работе. Како ќе наидиме по селата на разбирање од нашите луѓе, пошто и сами знаеме колку луѓе живеат во Радња и колку луѓе живеат незнам во Страгово или не знам каде, дека водата ја користат претежно за нивни работи во делот за наводнување, сточарство и тие работи. Тоа ќе треба тука сериозно да го разговараме, бидејќи ако цела таа вода му ја профактурираме преку саат за сточарството и земјоделието, тоа ќе биде убитачно за луѓето. Значи мора да се најде алтернатива и за таа работа. Значи секаде каде што имаме помалку населени места со помалку жители има недостаток на водата, а водата ако ја земиш со 200 л/с . која што е доволна и за 1000 жители, меѓутоа се користе за цели во водоснабдувањето и земјоделски или сточарски дејности . Така да Сакалиев ќе влезат 9 села со канализација и 4 села комплетно со водоводна линија, вклучуваќи го Рожден, имат барање за чешмата, Радња, Страгово, се реконструира Крњево комплетно линијата, ми се чине дека Куманичево е тука, беше Ќесендре, влезе во програмата, дел од Фариш пошто не фактурираме и Раец. Сите ќе добијат водоводи посебни. Другите села имат, сами знаете, ви спомнав пред малку и во делот на Дабниште и Брушани, тоа не е мала работа што завршивме 1000 плус приклучоци на вода. Во меѓувреме имаме програма за 2500 нови броила, што ќе ги набавиме, ама тоа сето ќе го презентираме со предлогот на буџетот. Мене ми е жал што

вие не учествувате во таа работа за да бидете барем делумно во тек дека иднината наша и наредната програма ќе биде сите селски средини канализација, вода, асфалтирање на пристапните патишта и во градот стратешки клучни проекти, кои што треба да ги направиме. Ние сме дојдени до таа фаза. Многу битно од кога ќе го направиме тоа, да го одржаваме и да функционира и пак ќе потенцирам за крај сакам да кажам немој да манипулирате со цената на водата со цената на комуналниот износ немам право да ви забранам, ваше право е, само не го манипулирате народот. Мери кило со кило. Не мери 100 гр. со едно кило. Волку платив струја, толку платив вода. Волку платив Интернет, толку платив телефон. Волку платив телевизија, толку платив вода. Не мерливо е тоа едно со друго. Немерливо. Ќе си ја мериш водата со вода, телевизорот со телевизор, струјата со струја. Ако ти имаш дома ел. уреди и не користиш ништо, нормално дека саатот за струја треба да каже 0.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Сакам неколку седници по ред кога се нема аргументи и кога вистината Градоначалник очигледно не е на ваша страна. Излегувате тука и почнувате да вреѓате, да ме навредувате првично мене и тоа говори пред се за вашата култура да кажам, бидејќи не е соодветно да ми дофрлувате кога зборувам, да ми зборувате тука на повисок тон. Што мислите дека ќе не исплашите ли. Дали мислите дека некој ќе исплашите со тоа што ќе го повишите тонот. Апсолутно овоа мислам не е начин на дискусија, која што треба да се одвива помеѓу Градоначалник и советник во Совет на Општина Кавадарци. Во однос на ЈП спомнав дека сметките се неколкукратно зголемени. Тоа го знаат сите Градоначалник. За тројно се зголемени сметките за Комуналец, заради тоа што цените на услугите, кои што ги дава ЈП се неколкукратно зголемени. Ние не можеме да бегаме од тоа. Тоа е вистината. Во однос на плати, викаш не сум бил координиран со мојата централна партија во однос на дел на плати. Никој не спомна овде дека платите не треба да се зголемуваат и не треба да растат, проблемот е дали има превработеност во ЈП и за колку е зголемен бројот во последните 5 години. Тоа да испаднете и да го одговорите. За колку е зголемен бројот на вработените. За колку. Регулаторна ја носела и утврдувала цената. Врз кои податоци ја носи. Врз основа на податоците за трошоците

кои што ги дава ЈП. Не ја измислува она цената, односно границата на цена на вода. Не ја измислува границата колешке, туку врз база, така ли е Директоре, врз база на податоците кои што ги дава ЈП врз основа на трошоците, на оперативните трошоци за работењето, врз основа на тоа ви утврдува граница која што треба да биде после тоа утврдена и гласана овде на Совет.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Реплика само. Во врска со бројот на зголемувањето на бројот на вработените во ЈП Комуналец. Знаете ли колку плус надлежности му дадовме само во овој Совет , колку плус надлежности за работа има ЈП Комуналец, колку во делот на работите што ги изведува ЈП, а порано го изведуваше тендерски фирми одеа на тендер, сега ги изработува ЈП. Не може да зборувате само напамет. ЈП Комуналец е најдобро ЈП во цела Република. Не треба да го заборавите тоа. Зошто. Прашајте ги вашите градоначалници каде што имаат ЈП-ја на која место се и каде и како стопанисуваат и тогаш правете споредба.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Еве поради тоа штго советникот ја виде сметката ваша советниче за за вода и пошто недомаќински и нерационално трошите вода, а проповедате екологија, проповедате заштеда и тие работи, јас предлагам за таквите како вас, ако е точно тоа што рече ти 40м3 вода дека си истрошил да се ставе двојна цена за водата да ја платите во интерес на претпријатието.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ГОЦЕ АНГЕЛОВ: 4 барање за реплика имав и од советникот Павле Богев и Валентина. Гледам дека уште пред да станам јас директор на Комуналното Претпријатие секогаш кога е тема Комуналното претпријатие за дискусија, опозицијата зборе тоа што сака да зборе, невистини шире, после си ги спинува, си ги лепе, си ги сече, ги става на фејсбук, спонзорира, се само да го наштети угледот на ЈП, меѓутоа тоа не може да го постигне затоа што јавноста најдобро знае како работи ЈП. Дали ќе почнам г-дине Мелов од крајот . Дали има превработеност. Не . Нема превработеност . Треба уште луѓе да се примат на работа. Ако тоа вас ве интересира, затоа што со овие надлежности, ингеренции кои што ги има ЈП, одржување на 8 спортски игралишта во 2024 година, зимска служба и милион други работи, обврски, се зголемуваат з елените површини, 500м3 отпад се собра во 3 дена за Гроздоберот . дали негде во

Македонија таква акција и таква активност може да направи некое ЈП. Никаде. Втгора работа. За цената на водата. Вашите регулатори ја носат цената на водата. Ајде сега вие дојдете, сега оваа недела ќе имаме подготвителна седница за во Регулаторна, ве повикувам сите да дојдете, да разговараме заедно за цената на водата. Друга работа Јавната чистота. Од 2010 година не е зголемена цената на Јавна чистота. Што сега политики правиме, кога тогаш цената на нафтата беше 40 денара, сега е 90 денара и има уште милион други примери да ве демантирам, само ќе ве замолам еве бидејќи сте и владејачка партија, имате мнозинство во Парламентот, ние како ЈП Комуналец имаме една иницијатива, преку АТКОМ ќе ја поднесиме, вчера ја запознав и Министерката за животна средина за промена на сопственоста на водомерите. Доколку водомерите сега се сопствевност на граѓаните, нека бидат во сопственост на ЈП Комуналец. Со тоа н ие си земаме обврска да постојано секоја година определиме буџет за обнова на тие водомери и тие водомери бидат во сопственост на Комуналец, а не да ги оптеретуваме граѓаните. Затоа што знаеме дека некои водомери има по 20 години не се сменети, со тоа немаме добро читање на тие водомери. Во однос на службените патувања, кои што ги спомна г-динот Павле, тие се баш онолку потребни колку што треба да б идат. Сите раководители на сектори и на одделенија да бидат навреме информирани за оние измени на закони кои што преку ноќ ги донесувате. Тие мора да се едуцираат, мора да се обучуваат. Вие преку ноќ носите милион измени на закони што луѓето не можат да му фатат крај со крај.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалник не се нервирајте. Само ќе биде кратко. Сакав само да кажам дека овоа што го зборувам јас Градоначалник, го зборуват исто и граѓаните. Ако мислите да му ставите на граѓаните на сите двојно и да не нарекувате сите дека сме биле недомаќини, тогаш ударите двојно и терајте. На прав пат сте.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да исто за нерационалното трошење на вода, како што вие направивте категорија за струја А, Б, С и Д, ако влезиш во Д категорија kw ти е 12, ако си во А kw ти е 5 и јас истото го предлагам да се направе и за водата, за да бидеме порационални и поугледни во делот на потрошувачката на вода. Истото ти е како со ел. енергија. Види си го Законот за ел. енергија. Колку повеќе трошиш,

поскапо ја плаќаш, колку помалку трошиш, помалку плаќаш. Е така да не може да си ги ладиме нозите со водичка или да не си ја соприме чешмичката навреме и да си го прскаме патот, ѓоа ќе порасне асфалтот , а ваму 40 кубика вода. Вуко бе. Не може да потрошиш 40 кубика вода. Не може да потрошиш. Дај ако не сега, кога ќе заврше Советот да отидиме, да видиме кај ти е дефектот негде, кај ти понира вода, кај ти оде. Сериозно. Многу е 40 м3 . Директоре ве молам видете зошто советникот 40 м3 вода троше. Ако не варе ракија или домаќински ја троше, тогаш има некој дефект. Не може да биде 40 кубика. Не може.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Кратко пак ќе ви кажам Градоначалник терајте само напред. На прав пат сте. Овоа не го зборувам само јас. Овоа го зборуваат сите граѓани и добро е кога ви доаѓаат во ЈП да ве прашуваат зошто е толку висока сметката, да им кажете кој е вистинскиот причинител и кој вистински гласал за тоа, а не таму Советот, па луѓето ги доведувате во ситуација конфузна. Не си ја превземате како што кажавте на говорница, дека Јас ќе си ја превземам одговорноста. Не викате советниците на ВМРО гласаа, не знам ние Советот, ние само спроведуваме одлука. Мене ме имаат контактирано повеќе од 20 граѓани. Ако сите се недомаќини, повеќе од 20, кои што се негодуваат во однос на сметките кои што им сте ги испорачале за комунални услуги. Ако мислите дека сите тие луѓе се недомаќини ударите двојно и терајте, на прав пат сте.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Само да дополнам. Значи советниче, од вакви советници ка тебе и со вакво размислување државата водејќи од твојата матична партија има Предлог на закон, кој што веројатно ќе се усвои Регулаторна Комисија, ка ќе донесе цена, да не мора ти тука да ни зборуваш, после тоа ќе те изземе, ќе те изземе како Совет и Регулаторна директно ќе ја донесе цената по директива. Сега ти дава ти да ја гласаш и да викаш ВМРО ја изгласа, СДСМ ја изгласа, ВМРО ја изгласа, СДСМ ја изгласа. Во овој случај Регулаторна Комисија со Предлог Одлука на Влада, пречистен текст ќе има нов закон каде што директно Регулаторна Комисија ќе ја донесе цената, ќе го исклуче Советот од удел, затоа што стварате политиканство од нешто што е реално и не само во ваа Општина, сегде се случува истото и затоа го увидиле луѓето дека треба да се исклуче

Советот . Така да, а инаку на сметките како раководител, во делот на потпишувањето јас знам дека од наредниот месец ќе биде почитуваната г-ѓа Веса Богева, на секоја сметка за вода ќе се потпише. Е тогаш советничке, ако не ти го читат редовно броилото ќе и се обратиш на колешката. Веса Богева ќе биде на секоја сметка потпишана, издадена од Комуналец фактура, како Раководител на Одделение за фактурирање на сметки.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Само секунда. Една секунда само. Не се кажува клучната работа. Регулаторна Комисија не измислува цена. Регулаторна Комисија утврдува граница барем за водата, утврдува граница врз основа на податоците од трошоците на ЈП. Тоа е клучниот момент, кој што не се кажува и сака да се префрле вината на некој друг.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Јас уште од прегеска чекам за реплика. Репликата не ми се однесува до Градоначалникот, туку до Директорот на ЈП, во име на граѓаните барам да ми биде кажано од Директорот колку се зголемени сметките за домаќинствата, каде што нема водомери, пред покачувањето и сега. Колку изнесува сметката за вода значи сег за домаќинство без водомер. Разговарам за станбени згради каде што нема саат. Колку е покачувањето, оти тука се зборува дека нема покачување, дека покачувањето е мало, а јас имам сознанија дека се работе за речиси 30% покачување на таквите сметки, ама секако го повикувам директорот да ми објасне, затоа што е најкомпетентен. До директорот ми е прашањето.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Директорот ми даде право да одговорам. Да право на збор. Вака значи паушалистите плаќат 15 м3 од член. Значи паушалист за вода зборуваме. Водата

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Прашањето ми беше до директорот и износот ми беше да се каже.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: За вода прашањето вас ви беше колешке за вода.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Пред покачување и износот после.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Нема покачување вода. Кога сме покачиле вода. Нема какво покачување, кога ни гласаме покачување. Нема покачување.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: 600 денара беше, сега вкупна е 930.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Покачување вода нема. Кога сме покачиле вода. Зошто манипулираме вода, вода.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Не манипулираме зошто сметката беше 600 денари, сега е 930 за вода.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Која сметка.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Ќе ја донесам наредната седница.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Нема конкретно покачување. Може потрошил повќе вода, може.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Како потрошил кога нема саат.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Како така со бројки зборуваме. Нема покачување.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Постое и ќе донесам сметка.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Одговорот е тоа.
СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА:Моите сметки се покачени од 600 на 930.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ:Добро донесите ја, ќе ја видиме. Нема покачување и да не манипулираме. За вода не се покачени цените. Добро колешке. Сега имам дискусија. Вака. Значи воа еднаш го зборував јас пред неколку месеци, ама пак исто дојде до тоа да го зборуваме, ај да кажам. Значи кажал некој дека имаме најголема нефактурирана вода. Јас еднаш процентите ги кажав и процентите се од Регулаторна Комисија. Кавадарци заедно со Скопскиот регион 60%, Полошкиот регион нефактурирана 73% , источниот регион 68% , Скопскиот, односно Североисточниот регион 74%. Значи вкупната вода во 2022 година, тогаш и ви кажав, ви објаснив се вика воден биланс. Значи вкупната вода, што ЈП, односно во резервоарите доаѓа на износ од 6 685 623 м3, од тоа фактурирана вода е 2 448 238 м3 вода или тој износ што го викаме значи 40% ја фактурира и износот од 4 197 394 м3 вода што не се фактурира, односно 60%. Таа нефактурирана вода е вода што е во моментот во резервоарите, тоа е пивка вода, ние таа вода не може да ја чуваме некаде. Таа вода како има прелив на вода, таа си оди значи истек, вишок на вода. Тоа е тија дел нефактуриран. Ако во моментот има некој дефект или не пријаве дефект и дефектот оде

во земја и тааа е нефактурирана вода. Нефактурирана вода, не манипулираме со граѓаните не е вода некој да ја крие и таа вода не е фактурирана. Тоа е од преливиот, од вишок на вода, што го имаме во зимскиот период и во делот на дефекти, пукнала цевка, ваму, таму, додека да кажат, вода ќе истече, водомери одредени како што кажа и директорот и Градоначалникот стари водомери не се читат доволно исто значи таму има дел каде што водата не се фактурира точно. Тоа е таа нефактурирана вода и да не манипулираме и да не шириме политиканство тука.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ БОГЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, значи да не манипулираме не е цената на изнесување на смет по м2 во Скопје 7 денара за домаќинствата туку е 3,59 и почитуван Директор, јас да сум на место на директорот би се срамел да дадам таков одговор на прашање зошто е 16 пати зголемен трошокот за службени патувања, затоа што се носеле закони во 5 за 12. Мислам сепак вие имате право на одговор, али за мене тоа е срамота.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Почитувани советници дали некој друг бара збор . Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. 6 против. 9 за. 6 против.

32. Деветмесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2023 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Кој е за. 16 за. 1 воздржан.

33. Информација од ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци ;

За зимската служба. Едногласно.

34. Одлука за усвојување на ценовник за одржување на локални патишта и улици наподрачјето на Општина Кавадарци во зимски услови за 2023/2024 (Зимска служба), донесен од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Почитувани советници ве молам за гласање. 16 за. 1 воздржан.

35. Извештај за работењето на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ за период од 01.01-30.09.2023 година,донесен од Управен Одбор на ЈП ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ

Отварам претрес. Дали некој бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 11 за. 5 воздржани.

36. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци ;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. 12 за.

37. Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на единечна цена на билет за општински линиски превоз на патници на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за. Воздржани 5.

38. Извештај за работењето на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.01.2023 -30.09.2023 година, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Отварам претрес. Повели Маневски.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани претставници од ЈП Паркинзи, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Првичната идеја за формирање на вакво претпријатие е решавање на сообраќајниот хаос, кој што царуваше во централното градско подрачје на Град Кавадарци, за по 4 години да се рашири територијата за наплата на паркинг до тој степен да граѓаните да мораат да ги паркираат своите возила на споредни улички, да се блокира сообраќајот и да едноставно овој сообраќаен хаос да се префрли од централното градско подрачје во спорените делови од градот и сега гледаме во изминатиот период, околку неколку недели реакции од граѓани за кревање на возилата и тоа донекаде не е нивна вина, затоа што за да им го кренете возилото мора да му понудите алтернатива каде да се паркира, дали се тоа катни гаражи, подземни гаражи и сл. Значи мора да понуди Општината и ЈП алтернатива каде да ги паркираат возилата, со цел да не се створа сообраќаен хаос и загрозување на безбедноста и на учесниците во сообраќајот и на пешаците надвор од централното подрачје, затоа апелирам на изнаоѓање на решение за да им се понуди на граѓаните алтернатива во паркирањето, не само во централното градско подрачје, зборувам во околината, пред да ги казнуваме за непрописно паркирање, значи понудете им алтернатива, па потоа санкционирајте ги.

ГРАДОНАЧАЛНИК: По средбите со урбаните заедници, како и секогаш транспарентно и ваа година отчетно, покрај нашите претставници сите од ЈП-ја, советници, раководители

на сектор во секоја урбана заедница имаше претставник, раководител или сменоводител од ПС Кавадарци .Граѓаните си ги произнесија проблемите во делот на паркирање, во делот на наплив од возила од трета страна итн. и најголемиот дел се за уредување секаде да има уреден паркинг. Не зборуваме за платен паркинг, него зборуваме уреден како паркинг за да можат оние жители што живеат на тие улици што претежно има возила од друга страна да може да се стаE ред. По согледувањето на работењето на Општина Кавадарци со Секторот за сообраќај и Инспекцискиот сектор веќе 3 недели интензивно работи на терен. Првично работевме првата недела со комуналните инспектори, во делот на опомени и ставање на дописи на самите автомобили или земјоделска опрема за отстранување од јавни површини, тротоари, места каде што пречат и опрема која што е земјоделска или приклучна и не треба да биде воопшто во делот на сообраќајот. Има ефект. Преку ноќ не може да се среде. Репресивните мерки се минимални, тие се видливи и јасни. Некаде тоа е од едно до три, четири, две возила дневно кои што се отстрануваат со пајак службата, што е на најминимално ниво, гледаме секаде да наидиме да биде разбирливо, меѓутоа кога нешто се повтара повеќе пати, ние мораме да реагираме. Како што и сами гледате цела улица Ленинова веќе е во една одлична состојба и ред други улици да не ги набројувам и така ќе продолжиме, заедно со Полициската Станица, со собраќајните инспектори од кај нас и со тимот од Паркинзи да овозможуваме секаде пред се градинки, образовни институции и основни и средни училишта, тротоари, зелените површини да бидат слободни и нормално сообраќајот да се одвива во нормални услови. Јас би сакал денеска и само да ве запознаам пошто не знам дали имате информација дека директорот г-динот Настов од вчера е веќе разрешен од директор на негово барање и нов директор како вршител на должност е нагласен така нашиот нагалено кажан Таско . Така да нека му е со среќа вршењето на должноста од денеска . Господ напомош нека ти е со Паркинзи и се надевам со огласот, доколку ги исполнуваш условите и бидиш еден од поквалитетните ќе бидиш избран со мандат, а исто сакам да се заблагодарам и на г-динот Настов за неговата макотрпна работа од формирањето на претпријатието, па до ден денеска, кој што успеа да го одрже тоа

претпријатие и да се ставе некаков ред, у еден од најтешките сегменти во делот на работењето во Општината. Тој исто така за месец дена оде во пензија, па тоги вака и официјално ќе ти честитаме и ќе ти се заблагодариме и за пензиските денови.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Многу пати зборувавме за ЈП Паркинзи и она што сум го зборувал година, две наназад денеска се потврдува, односно се потврдува во изминатите неколку недели. Имено Општина Кавадарци на почетокот тргна со идеја да се решава делот на паркирање, во делот на оние атрактивни паркинг места во централното градско подрачје, меѓутоа како одеше работата направивме еден преголем опфат на платен паркинг, односно на зонско паркирање и кога ќе тргнете на тој начин да ги наплаате на неатрактивни паркинг места да наплаќате паркинг само за да соберете финансиски средства за ЈП, тогаш се случува да граѓаните со своите автомобили почнуваат да ги избегнуваат тие паркинг места и да ги паркираат во споредни улици и со тоа ни се создава ваков проблем, како што го имаме денеска да одредени улички се непроодни. Тоа е едниот момент. Вториот момент во однос на паркирањето. Ако тргнеме да го регулираме целото градско подрачје, односно ако донесиме следната одлука која што треба да ја донесеме, во суштина одлука која што на која било улица во градот, без разлика дали станува збор за централно или периферија. Ако ја донесиме таа одлука ќе треба сите коли, неселективно, кои што се непрописно паркирани да ги креваме и јас се слагам дека секој автомобил треба да си биде прописно паркиран на паркинг место, меѓутоа за таа работа, треба да им обезбедиме на граѓаните алтернатива, некои немаат каде да паркираат, ќе ви дојдат гости со автомобил, ме разбирате, ќе се доведиме во уште поголем проблем, затоа треба да размислиме како на одредени места, што се претежно по периферијата да обезбедиме паркинг места, кои што не треба да се наплаќаат, меѓутоа да се регулира, да се обележуваат паркинг места каде ќе им се овозможи на тие граѓани да паркираат. По Извештајот кој што го гледаме од ЈП за паркирање гледаме дека истото е во добивка, меѓутоа со приходите од субвенциите кои што ги добива од Општината 5 000 000 денара добива ЈП од страна на Општината и покрај таа субвенција сметам дека сме го зборувале неколку пати досега, дека имаме висок опфат

на часеви, голем опфат во дел на улици низ град на кои што се наплаќа паркинг и трета работа во делот на цената, кај што имаме релативно скапа цена, споредувајќи се со места како што се прилично наша големина или нешто поголеми од нас како Прилеп, Битола кај што има плаќање со блок часеви, два блок часа, каде што цените се многу пониски од она што го плаќат граѓаните во Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Почитувани точката ја ставам на гласање. Кој е за. Кој е против. 12 за. Против 5.

39. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, одстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. 11 за. 5 воздржани.

40. Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Повели Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници. Од посетите на урбаните и месните заедници во Општина Кавадарци, кои што беа организирани од страна на Општина Кавадарци со сите служби од страна на граѓаните од руралните средини беше побарано затоа што за било која работа во Кавадарци да може да дојдат да завршат, потребно е да дојдат со возило и за истата работа да може да ја завршат, најчесто вика неколку пати повеќе, се паркираме на повеќе места и вика мора да плаќаме повеќе пати паркинг. Со ова одлука ќе им овозможиме на граѓаните, кои што од руралните средини, кои што доаѓаат во Општина Кавадарци да можат со симболична сума од 800 денари да може да користат цела година паркинг простор во Б и Ц зона, со што во голема целост ќе им олесниме на овие граѓани, да можат лесно да паркираат и да немаат дополнителни трошоци

во однос на извршување на нивните редовни работни обврски во Општината.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Едно мало појаснување само се работи за опфат од 3 км. од опфат од Кавадарци. Значи треба да има лична карта на живеење во неговата, како што кажа советникот место надвор од 3 км. од Кавадарци, дозволено е само за едно возило во Б и Ц зона. Повели советниче.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Да се договориме да биде и А уклопена пошто ретко иде и тера у некоја институција, банка, ваму, таму да заврше работа или на лекар што не кошта, од селото иде еднаш месечно или два пати.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Советниче бидејќи во Б озна со пазарот, вокатаната гаража има релативно голем број на опфат на места.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник не смета, не пореметува нешто, еднаш иде во месецот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ова сакам да го појаснам. Ова е произлезено барање и како наша идеја во делот на сите жители, кои што живеат, не само во руралните средини, него надвор од градот до 3 км. Тука го фаќа и Сопот и сите долни села Возарци, Дреново, Бегниште, Фариш, Раец и горните села. Нивното барање кое беше. Затоа што они често доаѓаат во градот со автомобили, кога викам често, стварно често доаѓаат и да си ги вршат нивните секојдневни обврски, да не плаќаат карта со СМС порака, па 20 денара, па 10 денара, па незнам како 800 денара да плате годишно, што е 70 денара месечно, со единствен услов што треба да го исполне, да има живеалиште во тоа село и автомобилот да е на негово име. Значи живеалиштето мора да му е, престојот да му е таму. За втора кола не важи, важи за еден автомобил и воа е благодет за тие луѓе кои што ќе го користат, пошто во делот еве Возарци беше најмасовно тоа барање Возарчани викат Абе паркинг, ние може 3 пати ќе дојдиме во дента, во неделата 4 пати, па се преместуваме до пазар, до ваму, до таму. Значи беззонско имат они во цело градско подрачје. А зоната е ептен репрезентативна, така да нема потреба. Тоа е само за 10 м. разлика од Б до А зона, кај што мислам ќе ја користат. Ц зона цела му е ослободена, Б зона му е цела ослободена. Цела година за 800 денара, воа е тоа што еве и опозиционерската советничка група подолго

време го бараше и ние гледаме да испадниме во интерес на граѓаните да луѓето не плаќаат карти од селските средини и од руралните средини. За паркинг така да со воа уште еднаш докажуваме дека еве ние како ВМРО-вци дека сме многу пофлексибилни и прифаќаме сугестии од сите граѓани, вклучувајќи ја и опозиционерската партија било која. Тоа е прав политичар кога знае да слушне и да прифане. Значи во тој дел ни критики прифааме и спроведуваме, не викаме како пред 5 години. Не, не, ѓаботи, сработи денеска за утре во интерес на граѓаните.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Едногласно.

41. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Врз основа на тоа. Кој е за. Едногласно усвоен.

42. Извештај за број на реализирани СМС пораки и финансиски ефекти од Хуманитарната и Еколошката паркинг зона за период од 01.05.-30.09.2023 година, донесен од Директорот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

Почитувани советници колку за ваша информација. Повели Аце.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитувани советници, почитуван Претседател, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми. Колку што сме информирани на Комисијата ни беше спомнато од директорот дека се собрани некаде околу 45 000 денари од овие хуманитарни паркинг места. Исто така во разговор со Црвениот Крст, значи они имаат една акција имат собрано некои средства околу 50, 60 000 денара, па би сакал да се спојат овие, да се купе за потребите на болницата бројач на крвната слика, пошто малите деца нема да се боцкаат, туку тоа ќе биде преку прстот земање на крв. И целта ми е значи овие средства, заедно со овие на Црвениот Крст се спојат и да се купе тој. Значи тоа е како предлог да се купе тоа и да се донира заедно со средствата од Паркинг.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи тоа беше заеднички проект на Црвен Крст претходно со Паркинг, така да сметам дека правецот на функционирање и на донацијата за хуманитарната зона во тој проект е насочена токму кон тој апарат од Општа Болница Кавадарци. Кој е за.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Во контекст на делот за еколошка паркинг зона. Треба да се размисли како сугестија една Директоре да овозможиме повластување во паркирањето на елек. возила, плаган хибриди и хибриди, како некои општини што го имат направено. Сепак тие се еколошки во делот на градска употреба затоа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно. Да со предлогот. Едногласно усвоена.

43. Предлог-Решение за разрешување на член во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за јавни паркиралишта "ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

44. Извештај за редовното работење за период од 01.01. до 30.09.2023 година на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП „Мито Хаџи Василев Јасмин„ Кавадарци;

Отварам претрес за оваа точка. Почитувани советници кој е за.

45. Предлог- Решение за Тарифник за утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Нема збор. 11 за и 5 против.

46.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници во Училишниот Одбор на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: За нов член на Управниот Одбор на ООУ Гоце Делчев се назначува Мануела Јошева.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Кој е за. Едногласно усвоена.

49. Програма за Нова Година 2024 година, доставена од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Оваа точка минатата седница претресот го елабориравме, сега одиме на гласање . А за Нова Година извинете ве молам. Кој е за претрес. Нема збор. Кој е за. Кој е против.

50.Извештај за реализација на Програмата Традиционален фестивал „Тиквешки Гроздобер 2023", доставен од Иноватива Груп ДОО Скопје;

Тоа е таа точка каде што претходниот Совет го затворивме претресот. Јас знам дека документите за Записникот ти се доставени од страна на Општината и расправата е затворена. Значи оваа точка за Тиквешкиот Гроздобер минатиот Совет нас 3

саати ни одзема. Бевме договорени до гласањето со тоа што го побара извештајот. Извештајот ти беше доставен.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Добро морам да кажам што ми е доставено. Само на кратко. Неколку пати дискутирав по однос на Тиквешкиот Гроздобер и пред организацијата и за време на организацијата на Тиквешкиот Гроздобер. Неколку пати барам одредена документација да ми биде доставена, на крајот само ми беше доставен само еден штур записник, без поткрепните документи од пријавите на компаниите. Значи се одржала комисија, пише кои се членови на комисија, првата фирма ја отвориле, немала понуда, отфрлена, втората фирма и дале толку бодеви, третата фирма и дале толку бодеви, четвртата и дале толку бодеви и последната ја избрале. Тоа пише во Записникот, без да ни биде образложени критериумите, како е бодирано, зошто е бодирано, која компанија колку поени добива и како е истата избрана. Вчера на Комисијата побарав да ми биде доставен покрај записникот од изборот на компанијата, да ми биде доставена целокупната документација од пријавите на компаниите, чисто да видиме, пошто нели сите се залагаме за транспарентно функционирање и работење на Општината да видиме како е избрана фирмата и дали е релевантно оценувано, пошто во записникот не пишува врз основа на тој критериум, толку поени, врз основа на тој критериум толку поена. Значи едноставно штур записник, даден чисто колку да се замачкат очи. Втора работа барав во делот на договорите кои што ги има со артистите, кои што се договори на дело, склучувани со физички лица, најголем дел од Македонија за изнајмување, односно за анагажирање на артисти да видиме дали финансиски средства, односно да видиме извод од банка, дали тие финансиски средства им се уплатени на артистите. Трета работа која што барав и која што добив е во делот на маските. Во делот на маските, еве на пример одредени маски се совпаѓат, мене ми беше кажано дека овие маски биле купени оваа година, а ги гледаме дека се повторуваат неколку години наназад. Еве 2020, претходна година, еве претходна, еве доставена сега. Еве иста маска. Овие се само на кратко кои што успеав да ги забележам, 2022, 2023 и оваа маска е, само не можам да ја најдам овде и оваа маска е дупликат, кои што се доставени дека наводно се купени, односно дека се набавени годинава и затоа Општината, односно компанијата в платила на друга б компанија 450 000 денари. Тука мислам дека во однос на тоа колку транспарентно и отчетно работиме, мислам дека сета

оваа процедура и постапка околу начинот на организација на Гроздоберот, достапноста наша до материјали, не би навлегувал дали повторно во истата дискусија, дали надоместокот за користење на јавен простор треба да го наплаќа приватната компанија или Општината, мојоѕт став по тоа прашање е јасен, значи голем број на дилеми, голем број на нејаснотии за Општина која што се декларира дека работи транспарентно и Општина која не тгреба да биде пракса.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници јас сметам дека точката треба да ја ставиме на гласање. Нема освен тоа што Вуко бараше говор, гледам дека друг не се јави за збор. Точката ја ставам на гласање, да не влезиме во полемика, оти 3 саата минатиот Совет ги изгубивме токму на таа точка. Кој е за. 9 за. Против 7.

51.Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување МАЛВП-92/2023

Кој е за.

52.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на мегусебните односи во врска со судска спогодба ВПП.бр.62/22 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Точка 52. Кој е за. Едногласно.

53. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на вонсудска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со правосилно и извршно Решение 61/22 од 13.06.2023. поведен пред Основен Суд Кавадарци.

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Кој е за. Едногласно.

54.Предлог-Програма за одржување на сообраќајни знаци и столбови и одржување на урбана опрема на територијата на Општина Кавадарци за 2024 година.

Кој е за. Едногласно усвоена.

55-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ Кавадарци;

Значи како што се договоривме оваа точка, како што и претходно извршивме кординација за оваа точка. Тоа е точка каде што сите советници се заложивме, заедно подржана од Градоначалникот и негова инцијатива за воведување на бесплатен превоз за нашите пензионери, кои се на оддалеченост од 3 км. од Општина Кавадарци. За сите пензионери. Во денови, во било кој, со 3 дена, значи тоа е вторник, четврток и недела така да оваа точка да биде со заклучок на наложба на Управниот и Надзорниот

Одбор на ЈП Градски Превоз Кавадарци за да може да ја усвоиме и таа точка да стапе регуларно за нашите пензионери и Одлуката да важе од први декемеври. Во ред значи ние ќе му наложиме, ќе ја донесиме на наредн Совет, така да. Тука ја носиме со гласање да му наложиме да го средат на нареден Совет. На Управен и на Надзорен Одбор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи почитувани советници, Претседател ова е на барање да кажам на нашите најдраги, оние пензионери кои што својот животен век, односно работен век го посветиле на Општината и на државата. Значи барањето нивно е и она што го предлагате и вие како советници мислам дека едногласно да им овозможиме бесплатен превоз при јавниот превоз на Општина Кавадарци и ЈП за градски превоз, без разлика живеалиштето, без разлика на релацијата и без разлика на потребата на вожња, дали се 5 пати дневно, 3 пати или било како. Значи ЈП би скал јас како советници да изгласате и му наложиме на ЈП да се усогласе според Одлуката на Совет или Заклучокот кој што ќе биде да вторник, четврток и недела сите пензионери во Општина Кавадарци без разлика на живеалиште имаат бесплатен и јавен превоз. Јавниот превоз кој што го врши ЈП софтверски треба тоа да го реше и некаде од први или петти декември да стартираме со бесплатниот превоз во овие денови за пензионерите со тоа што ЈП праве јавен повик, па секој пензионер направе апликација или се пријаве за картичка, врз основа на приложена документација комисиски дека тој е пензионер по основ на исполнети услови за пензија и во тој случај ќе добие картичка каде што на посебен фолдер во системот, во софтверот ќе се евидентира секоја вожња на пензионерот, а ЈП за превоз тие вожњи ќе ги фактурира на Општина Кавадарци, кои што Општина Кавадарци треба да му ги плате во делот на обврски према ЈП, да не биде на штета на самото ЈП. Значи субвенцијата произлегува од Општина Кавадарци, евидентирана во ЈП во интерес на пензионерите вторник, четврток и недела. Временскиот рок, како што разговаравме и со ЈП картичката ќе важи со рок на важност од една година од денот на издавањето, односно да ги издадиме декември најдоцна за да важат една година, па здрави, живи после тоа може ќе донесиме покреативна мерка, поиновативна, па некои денови може да се променат. Така да мислам дека доволно е година, со можност за продолжување за наредни одлуки од Советот на Општина Кавадарци. Така да во таа насока треба да се движи и Заклучокот, односно како повисоко тело Советот на

Општината, како највисоко тело. Управниот Одбор и Надзорниот Одбор само треба да ја спроведе одлуката и нема потреба пак да го гласаме тоа на Совет. Значи тоа ќе биде сега, каде што ќе наложиме на Управен и Надзорен д го спроведе. Не може Управен, Надзорен, па пак да враќа назад, пошто Советот е највисоко тело во Општината.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Директор повели

ДИРЕКТОР НА ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ АЛЕКСАНДАР ЃОРЃИЕВ: Добарден на сите. Само би сакал да надополнам тука за да не направиме дисбаланс меѓу луѓето, пензионерите кои што ќе се возат од градот и од приградските населби, бидејќи приградските населби работат до сабота јас би предложил и сабота да влезе. И сабота и недела да бидат како дел од мерката. 4 дена од неделата да бидат. Бидејќи имаме услови за време на викенди, сакаме и да го зголемиме бројот на патници, имаме процентуално помал број на патници. Мислам дека тука може да се уклопиме со оваа мерка. Оти инаку би дошле два дена да бидат за пензионерите што ќе бидат од села, три дена да важи мерката за тие од град. Значи без разлика мерката да трае до крајот на наредната година. Некој може ќе влезе во циклусот на пензија и во 6 месец да стане пензионер. Тоа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да се консолидираме уште еднаш како заклучок, пошто да не ги ставиме луѓето во заблуда. Мерката важи од 01.01.24 до 31.12. Сите пензионери кои што имат стекнато право до 30. 12. Си аплицират, си вадат картичка, меѓутоа и оние пензионери во 24-та што ќе стекнат право на пензија имат право утредента да си извадат картичка и таа важи до 31.12.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ Кавадарци заедно со Заклучокот, донесен од советниците и од Градоначалникот го ставам на гласање. Заедно со Заклучокот. Го ставам на гласање. Едногласно усвоено.

56.Предлог-Одлука за субвенционирање на Општинскиотученичкидом „ КРСТЕ П. МИСИРКОВ„Кавадарци.

Отварам претрес за оваа точка. Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

57. Предлог-Одлука за престанок на важење на Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Кавадарци на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање.

58 Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2023 година;

Точката ја ставам на гласање. Никој не бара збор. Кој е за. 11 за. 1 против. 5 воздржани.

59.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските патишта;

Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Едногласно. И последната точка од денешниот дневен ред.

60. Извештај од Одборот за подигање на спомен облежје три фонтани на кружен ток Сашко Гешовски.

Тоа ни е последна точка од денешниот дневен ред. Отварам претрес. Дали некој бара збор. Повели Александар.

СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Почитувани колеги тука би сакал само на граѓаните да им укажам дека овој Совет и овој Градоначалник достојно се грижат за сите наши историски личности кои што дале многу за градот Кавадарци, за животот , така би ги спомнал 12-те Деца што ги направивме бистите, па потоа со преместувањето на Алеата кај Сашко Гешовски што се изработува моментално на гробиштата, сега со ова нова фонтана исто така докажуваме дека нема никој да заборавиме и уште еднаш би сакал да му честитам на Градоначалникот што се грижи исто за овие историски наши личности, кои дале допринос за Градот Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советниче. Во таков правец би го спомнал и споменикот кој што е на капелата, се врши дислокација на самиот споменик во близина на Алинеата на Великаните, дислоцирање негово се прави, така да тоа е во ред. И Страшо Пинџур бистата во Ваташа се оплеменува.

ДИРЕКТОР НА ВИНСКИ МУЗЕЈ ВЕСЕЛА ЧЕСТОЈЕВА: Благодарам Претседателе. Почитуван Градоначалник, почитувани советници, администрација. Како Претседател на Одборот за подигање на спомен одбележја во Општина Кавадарци можам да истакнам дека изминатата година имавме плодна работа. Значи како што спомна Претседателот , Одборот за подигање на споменици, кој што беше формиран од страна на Советот на Општина Кавадарци спроведе неколку постапки . Значи тоа беше Спомен собата во Ваташа, 12-те бисти исто така во Ваташа, даде согласност за преместување, односно дислокација на Споменикот на Сашко

Гешовски и последниот состанок беше значи утврдивме Изборно идејно решение за трите фонтани на Сашко Гешовски. Би сакала да споменам дека конкретно, значи согласно одлуката за формирање на Одборот за подигање на Спомен одбележиетo, како Одбор сме должни согласно член 5 од одлуката да доставиме Извештај за работата на самиот Одбор, кој што го имате во прилог на материјалот, би сакала да истакнам дека конкретно за Спомен одбележието трите фонтани за Сашко Гешовски Одборот одржа 5 состаноци. Одборот значи започна со работа некаде во април месец и после два неуспешни јавни конкурси, заради некомплетна документација и заради излегување од финансиската конструкција, Одборот на 8 ноември го избра Идејното решение. Знаете дека со самата одлука и со самиот конкурс беа предвидени 4 награди. Исто така би сакал да го информирам Советот дека Одборот на последната седница направи измена и дополнување во делот на наградите, бидејќи имавме претходно два неуспешни конкурси и ги зголеми наградите. Значи првата награда беше 50 000 денари, втората награда 25 000 денари 15 000 денари и утврдивме награда четврта за сите кои што аплицирале да можеме нели да ги обештетиме на некој начин, се предвиде награда од 10 000 денари. Првата награда ја доби Идејно решение ДАТ 23 на Ванчо Недев од Кавадарци, втората беше АНОР 28, третата награда беше 15 000 денари под шифра ТОПКА и последната награда, четврта беше за избор на награда под шифра ШКОЛКА . Би сакала исто така да истакнам дека Одборот во сите одлучувања едногласно ги носеше одлуките. Значи едногласно ги донесе одлуките и за изборот на идејно решение нели на Ваташа за 12-те Деца, исто така и во изборот на идејно решение за фонтаната на Сашко Гешовски. Самата фонтана имавте прилика да ја видете преку социјалните мрежи како на фејсбук профилот на Градоначалникот, така и од страна на медиумите. Како Претседателка на Одборот, значи јавноста ја запознавав цело време во текот на постапката и имаше можност да биде во тек со реализацијата на сите чекори кои што како Одбор ги превземавме и дозволете ми на крај како Претседател на Одборот, бидејќи ова беше последен дел од нели низата проекти коишто како Одбор ги донесовме изминатата година да се заблагодарам на Одборот, кој што максимално се посвети на реализацијата на овие идејни решенија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Директорке. Почитувани кои е за. Едногласно усвоена.

Со тоа е исцрпен дневниот ред на денешната 35-та седница на Советот на Општина Кавадарци.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов